Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 95 став 1 и член 96 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), и во врска со Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16 и 72/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.16/22) и член 19 став 2 точка 8 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23) Советот на Општина Берово на 4-та Седница одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2026година е основа по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување;

2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;

3.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;

4.Определување на цената на градежното земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување градежно земјиште;

5.Динамика на извршување на Програмата;

6.Преодни и завршни одредби;

7.Трошоци за уредување на градежно,односно намена на средства по објекти и области и

8.Изворни приходи

**1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување**

1.1 Уредување на градежно земјиште во 2026 година ќе се врши во градот Берово,на подрачјето опфатено со детален урбанистички план на градот, сите населени места во Општина Берово и туристичките населби „Суви лаки“и„Беровско езеро“.

- На сите поединечни локации на поранешни сопственици со утврдено прединствено право на користење на тоа земјиште и на сите сопственици кои правото на користење го трансформирале во право на сопственост согласно новиот Закон за градежно земјиште,во согласност со намените утврдени во Генералниот и Деталниот урбанистички план на градот по обезбедена урбанистичка градежна документација и склучен договор за уредување на градежно земјиште со Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Берово.

- На сите локации дадени под концесија, долготраен или краткотраен закуп од страна на Република Македонија врз основа на спроведена постапка согласно Законот за градежно земјиште , за намените утврдени со Деталниот урбанистички план на градот.

1.2 Уредување на градежно земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањето не е предвидено со Програмата, го врши инвеститорот на сопствен трошок.

**2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура**

2.1 Градежното земјиште за локациите од точка 1.1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура(основна уреденост ),на следниот начин:
- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа;
- Изградба на фекална канализација и
- Изградба на електрична мрежа

2.2 За повисок степен на уреденост од основниот, потребно е изградба на следната инфраструктура:
- Изградба на ПТТ мрежа;
- Изградба на топлификациона мрежа;
- Изградба на улици,тротоари и паркинзи;
- Изградба на атмосферска канализација;
- Изградба на улично осветлување,
- Изградба на гасоводна мрежа и
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води

2.3 Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост определен во точка 2.1 од програмата се утврдува како понизок степен на уреденост.

**3.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се определува до висина на реалните трошоци за уредување – целосен надоместок во следниот износ:

3.1 За локации со основен степен на уреденост:
- Геодетски работи-------------------------- 20ден/м$^2$
- Проектирање-------------------------------- 30ден/м$^2$
- Улица(пробиена)-------------------------- 300ден/м$^2$
- Водовод------------------------------------ 150ден/м$^2$
- Канализација------------------------------- 150ден/м$^2$
- Електрична мрежа------------------------ 400ден/м$^2$

---

ВКУПНО 1.050,00ден/м$^2$

3.2 За локации со повисок степен на уреденост:
- Геодетски работи--------------------------- 20ден/м$^2$
- Проектирање------------------------------- 30ден/м$^2$
- Улица(асфалт)----------------------------- 470ден/м$^2$
- Водовод------------------------------------- 150ден/м$^2$
- Канализација--------------------------------150ден/м$^2$
- Електрична мрежа-------------------------400ден/м$^2$

---

ВКУПНО 1.220,00ден/м$^2$

3.3 За локации со повисок степен на уреденост од степенот утврден со точките 3.1 и 3.2 се плаќа надоместок од точка 3.2 (вкупниот износ) зголемен за 1% за секој повисок степен на уреденост од точка 2.2 на оваа програма.

3.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни и јавни објекти за основниот степен на уреденост изнесува:
- Прва зона во Берово------------- 1.550,00 ден/м$^2$
- Втора зона во Берово------------- 1.400,00 ден/м$^2$

3.5 Надоместокот за уредување н[redacted] градежно земјиште за деловен просто[redacted] определен во точка 3.4 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежнот[redacted] земјиште се зголемува за 1% од утврдената цена за секој нареден степен на уреденост.

**3.6 За објекти во Берово и населените места од група на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А1.6 и А4 – хотел,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски дом и ловен дом: изнесува 32.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**3.7 За туристичка населба „Суви Лаки“ и туристичка населба „Беровско Езеро“ ќе се наплатува за следните видови објекти :**

**За индивидуални станбени згради и викенд куќи-24.000,00 ден./м$^2$ , За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ и За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**За други објекти:**

**катни гаражи............. 8.000,00 ден/м$^2$**

**спортски покриени објекти ........... 20.000,00 ден/м$^2$**

**отворени пазаришта 20% од површината по....... 30.000,00 ден/м$^2$**

**3.8 Надоместокот за уредување на градежно земјиште определен во точка 3.6 и 3.7 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежното земјиште се зголемува за 1% од уредената цена за секој нареден степен на уреденост.**

**3.9 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за:**

- **Надоместок за поставување на столб за електронски комуникациски мрежи на јавна површин......................... 15.000,00 ден/пар**
- **Надоместок за поставување на надземен кабел за електронски комуникациски мрежи ............................... 100,00 ден/м/**
- **Надоместок за поставување на столб за високонапонска мрежи на јавна површина**

**..........................................15.000,00 ден/парче**

- **Надоместок за поставување на надземен кабел за високонапонска мрежа**

**.......................................... 500,00 ден/м/**

- **Надоместок за поставување на столб за ниско напонска мрежа на јавна површина**

**.......................................... 6.000,00 ден/парче**

- **Надоместок за поставување на надземен кабел за нисконапонска мрежа**

**.......................................100,00 ден/м/**

- **Надоместок за поставување на ормари на јавни површини ............ 10.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за реконструкција-поставување на столб за ниско напонска мрежа на местото на стари,дотраени столбови на јавна површина ...................................... ... 3.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за поставување на фотонапонски панели на покрив од објект изнесува .......................... 50,00 ден/**м$^2$ .

**3.10 Начин на пресметување на површинте за одредување надоместок за уредување на градежно земјиште**

(1) Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 2 на ова програма, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект, помножен со следните коефициенти:

**1. Стамбени објекти**

-стамбени простории---------------------------------- 1,0
-стамбени простории со висина до 2,50 m подпокривен простор----------- 0,2
- лоѓија затворена од три страни------------------ 0,4
-подлоѓија затворена од две страни--------------0,3
-балкони, тераси-------------------------------------- 0,2
-заеднички проодни тераси, пасажи------------- 0,2
-помошни простории, остава за гориво, котлара, визба------------------------- 0,3
-трафостаница до 35кв во објект и надвор од објект-----------------------------0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации-------------------------------------0,3
-стражарници, управител, простории за домар-----------------------------------0,5
-паркиралишта и гаражи-----------------------0,1

**2. Деловни и јавни објекти**

-простории--------------------------------------1,0
-магацини-------------------------------------------0,5
-помошни простории, остава за гориво, котлара-----------------------------------0,3
-трафостаница од 35кв во објект и надвор од објект---------------------------- 0,4
-скалишен простор и заеднички комуникации------------------------------------- 0,5
-паркиралишта и гаражи------------------------- 0,1
-лоѓија затворена од три страни---------------- 0,5
-подлоѓија затворена од две страни------------- 0,4
-балкони, тераси------------------------------------ 0,3
-отворен наткриен простор--------------------- 0,3

**3. Други објекти**

-катни гаражи----------------------------------------- 0,05
-спортски покриени објекти---------------------0,5
-спортски откриени објекти---------------------- 0,3
-гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација------------1,0
-отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата----------------------1,0
-базени---------------------------------------------0,2
-трафостаници над 35 кв-----------------------------1,0

**4.За објекти од група на класи на намени Г – производство,дистрибуција и сервиси**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија---------- 0,05
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија----- 0,01
-Г3 сервиси--------------------------------- 0,01
-Г4 стоваришта------------------------------------------------------------------------------ 0,01

**5.За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):**

-продажни простории на бензинските пумпни станици------------------------ 1,0
-услужни простории на бензинските пумпни станици--------------------------- 1,0

**6. За објекти од група на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А1.6 и А4 – хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:**

-сите простории------------------------------ 0,05

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**

-сите простории--------------------------------- 0,05

**8.За објекти за високо образование:**

-сите простории---------------------------------- 0,5

**9. За објекти за културата:**

-сите простории------------------------------------ 0,01

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**
-сите простории------------------------------------ 0,05

**11.За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0,01**

**12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела. 0,01**

**(2) По исклучок од став (1) на овој член,во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат површините на :**
-инсталациони канали;
-окна за лифтови;
-окна за врати;
-отворени паркиралишта;
-подземни резервоари и
-објекти заштитени како културно наследство.

**(3) За објектите од став 1 со висина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27 % од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела во која е предвидена изградба на објекти со височина над 32 ката.**

**(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно ставовите (1) и (2) од овој член.**

**(5) За објектите од група на класи на намена Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во став (1) точка 4 од овој член.**

**(6) За линиски инфрастуктурни објект – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како, и за брани со акомулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа, и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став(1) од Законот за градење, а инвеститор е општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.**

**(7) За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од овој член.**

**(8) За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член.**

**(9) За објектите за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.**

**3.11.„Надоместок за уредување на градежно земјиште за населени места во Општина Берово"**

**3.11.1**. <u>За населените места Смојмирово, Мачево, Будинарци и Митрашинци кои имаат УДС ќе се наплатува за следните видови објекти</u>:

1. За индивидуални станбени згради -400,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост“ и оваа Програма.

4. За други објекти:

- катни гаражи ................................ 200,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти ........... 500,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по ............ 700,00 ден/м$^2$

| Населено место | Улица – јавен па | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Вкупен износ ден/м$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 50% | 15% | 15% | 20% | |
| Смојмирово | + | + | + | + | 400/700 |
| Мачево | + | + | + | + | 400/700 |
| Будинарци | + | + | + | + | 400/700 |
| Митрашинци | + | + | + | + | 400/700 |

**3.11.2** . <u>За населените места: Ратево, Русиново, Владимирово и Двориште кои имаат Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти:</u>

1. За индивидуални станбени згради -400,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

2. За објекти од јавен карактер како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството. Надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно оверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште

и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

4. За други објекти :
- катни гаражи ................................ 200,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .......... 500,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по ........... 700,00 ден/м$^2$

| Населено место | Лица – јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Вкупен износ ден/ м$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 50% | 15% | !5% | 20% | |
| Ратево | + | + | + | + | 400/700 |
| Русиново | + | + | + | + | 400/700 |
| Владимирово | + | + | + | + | 400/700 |
| Двориште | + | + | + | + | 400/700 |

**3.11.3.** За туристичка населба „Суви Лаки" и туристичка населба „Беровско Езеро" ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради и викенд куќи-24.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго), објекти од обласа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со " Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост " и оваа Програма.

4. За други објекти:
- катни гаражи ........................... 8.000,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .................................... 20.000,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по .......... 30.000,00 ден/м$^2$

| | Улица --- јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Геодетски работи и проектирање | Населено место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 40 % | 15% | 15% | 20% | 10% | |
| „Суви Лаки" | + | - | - | + | + | 16.800/ 22.400 |
| „Беровскоо Езеро" | + | + | + | + | - | 24.000/ 32.000 |

**4.Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување на градежно земјиште:**

4.1 Експропријација на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за реализација на ДУП, надоместокот односно вредноста по м$^2$ се утврдува од страна на овластен проценител во зависност од зоната во која се наоѓа земјиштето.

4.2 Надоместок за трошоци за извршени прекопи и надзор на јавни прометни површини (коловози, тротоари, плоштади и зелени површини) за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија, електронски комуникациски мрежи, водоводни и канализациони мрежи и други се утврдува цена од .......................................... 1.500,00 ден/м$^2$

**Прва зона во Берово го опфаќа просторот меѓу улиците „Маршал Тито“од двете страни од зградата на МВР до Манастирот Свети Архангел Михаил“, улица „Партизанска“ од двете страни до раскрсницата со улица „Задарска“, улица „Задарска“ од двете страни до раскрсницата со улица „23ти Август“, улица „23ти Август“ од раскрсница со ул.„Задарска“ до раскрсницата со улица „Моша Пијаде“, улица „Моша Пијаде“ од оваа раскрсница до Манастирот Свети Архангел Михаил“, улица „Илинденска“ од раскрсницата со улица „Маршал Тито“ до раскрсницата со улица „Страшо Пинџур“ и улица „Страшо Пинџур“ од раскрсницата со улица „Илинденска“ до раскрсницата со улица „Дедо Иљо Малешевски“ и ул. „Дедо Иљо Малешевски“ до спој со ул. „Маршал Тито“.**

**5.Динамика на извршување на Програмата.**

Динамиката на извршување на работите на уредување на градежното земјиште предвидени во програмата ќе се одвива во зависност од наменските средства кои ќе се соберат во Буџетот на Општина Берово.

**6.Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградби и надградби во Општина Берово изнесува 50% од надоместокот утврден во точка 3 од Програмата.

6.2 (1) Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти но не помалку од 20% од висината на надоместокот за новиот објект .

(2) Во случаите од предходниот став на оваа подточка, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички преодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

6.3 Надоместокот за уредување на градежно земјиште на инвеститорот инвеститорите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурна мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на средствата со кои учествувал инвеститорот за односната мрежа, врз основа на доставен финансиски документ од изведувачот на работите, односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено, односно делумно е уредено, инвеститорот на објектот плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од Одделението за урбанизам до Одделението за комунални работи и заштита на животна средина кој со инвеститорот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.5 За пренамена на станбен во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежно земјиште за станбен простор и надоместокот за деловен простор.

6.6 Во уредувањето на градежното земјиште учествува општината, како и субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

Во случај кога неуредено, односно делумно уредено градежно земјиште ќе се доуредува, надоместокот го плаќаат корисниците на објектите на инфраструктурата и субјектите кои стопанисуваат со нив.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи, како и таксите за приклучоци ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурната мрежа.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметуван со вредност на еврото од 61 денар за 1 евро. При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваат износите на надоместоците и цената на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

6.8 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа во текот на постапката на издавањето на одобрението за градење.

Без платен надоместок за уредување на градежното земјиште не може да се издаде одобрение за градење.

6.9 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи и за изградба на пристапи, потпорни зидови и сл. паѓаат на товар на инвеститорот на објектот.

6.10 Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Берово".

Бр.09-4361/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ПРОГРАМА**

**за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Берово за 2026 година**

Се објавува **ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Берово за 2026 година** со Бр.09-4362/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/17 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 15 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА

За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Берово за 2026 година

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на Општина Берово, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите поврзани со јавното осветлување во општината.

Со Програма се утврдуваат активностите за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување за 2026 год. односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во Општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за комуналните такси (Сл. Весник на РМ бр. 61/04, 64/05, 92/07 ), според кој за користење и одржавање на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домаќинства и 50 киловат час за правни лица, трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електричната енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши „ЕВН Македонија" и ја уплатува на сметка на Буџетот на Општина Берово.

Бројот на имателите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошувачи и потрошувачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија .

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 40 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијаличното место ( пригушници, фасонки и др.)
- Замена на сите останати елементи на трафостаниците (осигурувачи, контактори, ормари и др.)
- Набавка и уградување на надземен и подземен кабел и слично за проширување на мрежата
- Набавка и потставување на дрвени, бетонски и метални столбови за проширување на мрежата

Јавно осветлување:

За тековната потрошувачка на електрична енергија .............................. 7.000.000,00 ден

Изработка на проектна документација

Изработка на проектна документација за поставување на ново улично осветлување, обнова и проширување на постојната мрежа ...................... 300.000,00 ден

Изградба и тековно одржување/санирање на јавно осветлување :

За одржување на јавното осветлување ........................................... 2.600.000,00 ден

Изградба на електрична инсталација за осветлување на „Туристичка населба Абланица" 2 –фаза ....................................................................... ........................................... 1.500.000,00 ден

Изградба на електрична инсталација за осветлување на улица „Задарска"............... 300.000,00 ден

Изградба на електрична инсталација за осветлување на Т.Н. Беровско езеро

– Фаза 2 - Дел од Улица 1, Дел од новопроектирана Улица 8 и Дел од

Новопроектирана Улица 11 ................................................ 2.769.000,00 ден

ВКУПНО : 14.469.000,00 денари

Приходите ќе бидат обезбедени од наплата на комунална такса за улично осветлување.

Во текот на 2026 година во Берово и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштеда на електрична енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде „ЕВН Македонија“, додека редовното одржување преку замена и проширување ќе го вршат стручни лица вработени или ангажирани во Општина Берово.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Оделението за комунални дејности и заштита на животна средина.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во„ Службен гласник на Општина Берово  Со влегување во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за изградба,реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово 2025 година бр.3950/1 од 28.11.2024 год.

Бр.09-4362/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

***************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23),

Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**П Р О Г Р А М А**
за изградба,доизградба и реконструкција на општински патишта и улици
во Општина Берово во 2026 година

Се објавува **П Р О Г Р А М А** за изградба,доизградба и реконструкција на општински патишта и улици во Општина Берово во 2026 година со Бр.09-4363/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-4396/18 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 05.12.2025 година | Градоначалник |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

*********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24 ), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), Советот на Општина Берово на 4-та Седница одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
За изградба,доизградба и реконструкција на општински патишта и улици
во Општина Берово
во 2026 година

**1.Изградба, доизградба,реконструкција на улици во Општина Берово**

**1.1.Изградба и доизградба на улици .......................1.444.719,оо ден**

*Колско пешачка улица крак од ул.„Мирче Ацев" Берово......... 244.719,оо ден.
*Дел од ул.„Младинска" Русиново.................. 1.200.000,оо ден.

**1.2.Реконструкција и рехабилитација на улици ......... 14.256.481,оо ден**

*Ул. „Гоце Делчев" Ратево .............................. 3.699.269,оо ден
*Ул. „Гоце Делчев" Ратево последен дел ............................ 791.774,оо ден
*Ул.„Вељко Влаховиќ" Берово 1 фаза...........................4.951.481,оо ден
*Ул.„Вељко Влаховиќ" Берово 2 фаза (тротоари)...............1.437.466,оо ден
*Ул.„Крак од ул.29.Ноември" Берово......................... 698.846,оо ден
*Крак 1 од ул.„15 Корпус" Берово................................ 1.282.415,оо ден
*Крак 2 од ул.„15 Корпус" Берово.................................. 1.395.230,оо ден

**1.3. Изработка на проекти ................................................ 1.500.000,оо ден**

*Ул.„Карпош" Берово I фаза
*Доизградба на ул.„Брдославица" - Берово
*Дел од ул.„Маршал Тито" Русиново
*Дел од улица „Бел Камен" Русиново
*Ул.„Никола Тесла" Берово
*Ул.„Никола Карев" Берово
*Крак од ул.„11 Октомври" Русиново
*Паркинг зад маркет „ДИМ" Берово
*Општински пат „Ѓердови воденици-с.Русиново"
*Дел од ул.„11 Октомври" - Берово
*Дел од улица „Зоран Бубевски" – Берово
*Крак од ул.„Маршал Тито"- Берово
* Улица „11" – ТН Беровско Езеро
* Улица „12" – ТН Беровски Езеро
*Доизградба и уредување на кејот до црквата Успение на Света Богородица
И други проекти согласно потребите на Општина Берово

**2. Експропријација на градежно земјиште .................................... 2.000.000,оо**
**3. Надзор над изградба на општински патишта и улици ............. 500.000,оо**
**4. Санирање и реконструкција на скали на јавни површини........ 500.000,оо**
**5. Изградба на потпорен ѕид на ул.„Маршал Тито“ Берово.......... 930.957,оо**
**6. Изградба на потпорен ѕид на ул.„Гоце Делчев“ Ратево............ 1.438.434,оо**

**Се Вкупно**
**1+2+3+4+5+6 =22.570.591,оо ден.**

**П Р И Х О Д И**

**1.** Средства за изградба,доизградба и реконструкција на улици и општински патишта, се предвидени од:

**а) Сопствено учество** ......................................................................... **19.525.677 ,оо ден.**

**б) Приходи од повисоко ниво на власт и други**.................................. **3.044,914 ,оо ден.**

*Јавно претпријатие за државни патишта и други ............................ 3.044,914 ,оо ден.

**Се ВКУПНО (а+б) =22.570.591,оо ден.**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Берово“

Бр.09-4363/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 година

Се објавува ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 година со Бр.09-4364/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/19 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово донесе:

ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 год

Со оваа Програма се планираат активностите на Општина Берово за изградба,реконструкција и одржување на

објекти од комуналната дејност во Општина Берово во 2026 година.

Во програмата во зависност од средствата со кои располага Општина Берово и приливот на финансиски средства од Буџетот и Фондовите на Република Македонија се планирани следните активности.

J00 Одржување на урбана опрема 200.000,оо

-Тековно одржување на детски игралишта и друга урбана опрема 200.000,оо

JH0 Урбана опрема ( капитални расходи) 1.600.000,оо

1. Набавка на урбана опрема 600.000,оо
2. Изградба на инклузивно игралиште во кругот на Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост 1.000.000,оо

JГ0 Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување 7.551.578,оо

1. Водоводна мрежа од граница на УПС Ратево до постоечка пумпна станица во с.Ратево 5.361.753
2. Секундарна водоводна мрежа од шахта после нов резервоар до приклучна шахта во опфат на УПС Ратево 1.389.825
3. Изградба на примарна водоводна мрежа надвор од градежен опфат или во опфат подалеку од обврски согласно договорот 100.000,оо
4. Изработка на проектна документација 700.000,оо

JИ0 Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 11.275.645,оо

1. Изградба на фекална канализација на ул. „Димитар Двојаковски“ - градска зона за мало стопанство, Берово 5.812.088,оо
2. Изградба на фекална канализација на ул.„8 – Владимирски пат“-Фаза 2 зона на мало стопанство Берово 4.463.557,оо
3. Изградба на крак на канализациона мрежа во ТН Беровско Езеро Потребно е да се изработи проектна документација
4. Изработка на проектна документација 1.000.000,оо

J80 Други комунални услуги 1.000.000,оо

1. Рушење на стари објекти склони на паѓање 1.000.000,оо

Геодетски услуги 800.000,оо

Експропријација на земјиште 100.000,оо

Изработка на проектна документација за високоградба 500.000,оо

Изработка на проектна и техничка документација за „Ревитализација на доводниот цевковод, резервоарот и примарната водоводна мрежа во с.Двориште“ - Берово 300.000,оо

Надзор на објекти за високоградба

-Мултифункционална сала во склоп на Дом на културата „Димитар Беровски“ на ул.„Маршал Тито“ Берово 2.900.000,оо

Уредување на градежна депонија 300.000,оо

Чистење на диви депонии 100.000,оо

Вкупно…………………......26.627.223,оо

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

ИЗВОРНИ ПРИХОДИ

Средствата за ставките од програмата за Комунални дејности согласно програмата за Уредување на градежно земјиште ќе се обезбедат од:

I. Сопствено учество -----------------------------------------16.627.223,оо ден.

II. Средства од повисоко ниво на власт:------------------- 10.000.000 ден.

Вкупно (I + II) : …………………………… 26.627.223,оо ден.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Берово“

Бр.09-4364/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
за одржување на јавно зеленило
на подрачјето на општина Берово за 2026 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2026 година со Бр.09-4365/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/20 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************



Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр.122/21, 255/24 и 101/25), и член 19 став 2 точка 16 од Статутот на општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година, донесе:

ПРОГРАМА
За одржување на јавно зеленило
на подрачјето на општина Берово за 2026 година

**Вовед**

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на општина Берово за 2026 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитните подрачја и спортско рекреативните центри и уредување на нови зелени површини, како и начинот на нивно финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларни прегледи, опфатени со Годишната програма за работа на извршителот на програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкција на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

**Организација на одржување на јавното зеленило**

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардите и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на градот Берово и одржување на јавно зеленило во вонградски појас.

1 .Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Берово дел се врши интензивно, а дел екстензивно.Под интензивно одржување подлежат следните зелени површини:

1.1. Парковски зелени површини
1,2.Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен интерес
1.3. Влез на Берово-Ул.„Маршал Тито"до раскрсница со ул.„Моша Пијаде"
1.4. Плоштад „Димитар Беровски"-прва,втора и трета фаза
1.5. Зеленило по ул.„Партизанска"
1.6.Зеленило по ул.„Борис Кидрич"
1.7.Зеленило по ул.„23 Август"
1.8.Зеленило по ул.„Моша Пијаде"

Под интензивно одржување подлежат дрворедите, зелените површини околу детските игралишта во градот.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативната програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ќе се вградат сите елементи на одржување на градското и вонградското зеленило со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

1.1 **Во парковски површини** спаѓаат следните површини:

| | |
|---|---|
| - Парк пред општинско Собрание | 870 м² |
| - Парк кај градски стадион | 7.820 м² |
| - Парк кај стара гимназија | 8.000 м² |
| - Парк позади Автобуска станица-стамбен комплекс.... | 200 м² |
| - Парк на Кеј на Младина-стамбен објект | 4.200 м² |
| - Американски парк ............ | 11.500 м² |
| - Парк кај социјално ........ | 2.850 м² |
| - Парк пред Детска градинка | 100 м² |
| - Мал парк на ул.11 Октомври | 30 м² |

- Парк ул.Неретва 200 м²
- Парк околу црква св.Ѓорѓи 100 м²
- Парк наспроти сточен пазар-стамбени блокови 4.450 м²
- Парк кај Основен суд .. 200 м²
- Мал парк кај Музеј (стар суд) 30 м²
- Мал парк на Ул.„М.Тито"кај Мустраќинци 20 м²

**ВКУПНО ..................... 40.570 м²**

**1.2.Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- Ул.„Маршал Тито"- од раскрсница со ул.„Мирче Ацев"до влезот на АД„Алкалоид" и од плоштад „Д.Беровски " до раскрсница со ул.„Зоран Бубевски" 2.500 м² -
- Ул.„Партизанска" 1.030 м²
- Ул.Ѓорѓи Димитров" .. 540 м²
- Ул.„Партизанска"од ПСдо раскрс.Ѓ.Димитов со канал 750 м²
- Ул.„Дамјан Груев"........ 1.500 м²
- Ул.„Зоран Бубевски"...... 2.500 м²
- Ул.„Никола Пехчевски"со мал парк Детско игралиште 2.200 м²
- Ул.„Малешка"................. 225 м²
- Кеј на река Брегалница од двете страни 1.600 м²
- Ул.„Задарска".................. 300 м²
- Ул.„Димитар Влахов"..... 650 м²
- Ул.„Крушевска република" 600 м²
- Ул.„Ѓуро Гаковиќ" 1.200 м²
- Ул.„Вељко Влаховиќ"со канал 2.500 м²
- Ул.„Димитар Двојаковски" 1.500 м²
- Ул.„11 Октомври" 1.200 м²
- Зеленило на „23 Август "со канал 500 м²
- Ул.„Туристичка" 200 м²
- Ул„Страшо Пинџур" 300 м²
- Зелен појас од Ловен дом до спојка со ул.„Страшо Пинџур" 200 м²

**ВКУПНО....................... 21.995 м²**

**1.3. Други зелени површини кои се косат еднаш до два пати во годината --- 45,000 м²**

Ул ,, М. Тито ,, - од Шумско стопанство до кружен тек 2 Пати
Ул ,, Дамјан Груев ,, - од Фебо до Датекс 2 Пати
Ул од Датекс до Алкалоид 2 Пати
Улици на Којова ливада 2 Пати
Улица на Брдославица ( позади бензинска пумпа) 1
Ул ,, Марксова,, 1
Ул ,, Енгелсова, 1
Ул,, Дедо Иљо Малешевски,, 1
Ул ,,Козара, , 1
Ул,, Мирче Ацев ,, од раскрсница со ул,, Страшо Пинџур,, и Чучурски канал 2 Пати
Ул ,, Гоце Делчев,, 1
Ул,, Сремска, 1
Ул ,, Белградска,, 1
Ул ,, Бел Камен,, 1
Улица од кафтанци до Црква ,,Св Богородица,, И патека од Црква до излез за браната – 1 во годината пред празникот
Улица и канал кај Тони Димовски до детско игралиште во ромско маало 2 Пати
Улици во Ромско маало 2 Пати
Ул ,,Братство Единство,, 1
Ул ,,Јуриј Гагарин,, 1
Ул,, Балканска, 1
Скали на Турски гробишта 2 Пати
Излез на Берово од Стопанство до Излез за Струмица 2 Пати

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

| **Ред. број** | **Вид операција** | **Единица мера** | **количина** | **Број на операции** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | м² | 62.565 | 11 |
| 2 | Собирање на искосена трева и греблање | м² | 62,565 | 11 |
| 3 | Припрема на цветни површини | м² | 300 | 3 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | м² | 2.320 | 4 |
| 5 | Прскање со инсектициди на сезонско цвеќе | м² | 2.320 | 3 |
| 6 | Окопување на грмушки | бр. | 50 | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди.оформување на крошни и украсни грмушки и нивно негување | бр. | 150 | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња(ружи) | бр. | 20 | 4 |
| 9 | Кроење на цвеќиња(ружи) | бр. | 20 | 2 |
| 10 | Чистење на зел. површини од листови и др. | м² | 30.000 | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | м² | 30.270 | 34 |
| 12 | Сечење на ивици по стази | м | 26.295 | 2 |
| 13 | Собирање на отпад со износ | м² | 15.550 | 36 |
| 14 | Прихрана со вештачки ѓубрива | кг. | 500 | 2 |
| 15 | Расад за сезонско цвеќе | бр. | 5.000 | 3 |
| 16 | Вода потрошена за залевање | м³ | 2 300 | 34 |
| 17 | Одржување на дрвореди | бр. | 150 | 2 |
| 18 | Отстранување и сечење на дотраени стебла | По потреба | По потреба | По потреба |

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред-бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Вкупно Опер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 2 | Рачно косење на трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 3 | Собирање на искосена трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 4 | Сеење,одржување и пикирање на расад | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | 3 |
| 5 | Припрема на цветни површини | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | | | 3 |
| 6 | Садење иа сезонски цвеќиња | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 4 |
| 7 | Прскање на сезонско цвеќе со заштитни средства | | | 2 | 2 | 1 | | | | | | | | 5 |
| 8 | Уредување на грмушки | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 2 |
| 9 | Кроење на дворед и оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 10 | Окопување на цветни површини | | | | | | 1 | 1 | | | | | | 2 |
| 11 | Чистење на зелени површини од листови и др. | | | | | | | | | 1 | 2 | 2 | | 5 |
| 12 | Залевање на зелени површини | | | 1 | 1 | 5 | 7 | 7 | 8 | 5 | | | | 34 |
| 13 | Уредување на стази во паркови | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 14 | Собирање со изнесување на отпад | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 14 |

**ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈПКР„Услуга"Берово.

ЈПКР„Услуга" Берово изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Берово , покрај ЈПКР„Услугз" може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

**НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред на општина Берово врши Одделението за комуналии работи при Општина Берово.

Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред , врши општинскиот комунален инспектор.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Берово Програма Ј7 каде што се предвидени средства во висина од 1.450.000,00 денари,

- Одржување јавно зеленило на (паркови,улици,плоштади, кеј,шеталишта и други јавни површини) ______________________ 1.250.000,00 денари
- Подигање и реконстуирање на јавни зелени површини ______________ 200.000,00денари

ВКУПНО : ______________________ 1.450.000,00денари

Средствата за одржување на јавно зеленило предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместок за јавно зеленило во Општина Берово.

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2026 година.

Цените за работите околу одржувањето,подигањето и реконструкцијата на зеленилото,кои ги врши ЈПКР„Услуга"Берово се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

Бр.09-4365/1
05.12.2025 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски
______________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
за одржување на јавна чистота
на подрачјето на општина Берово за 2026
година

Се објавува П Р О Г Р А М А за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Берово за 2026 година со Бр.09-4366/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/21 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр.202/24), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр.122/21, 255/24 и 101/25) и член 19 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово, на 4-та седница одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А
За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2026 година

**1.Општи одредби**

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Берово за 2026 година и тоа:

Вид и обем и обем на работите што треба да се вршат,финансиските средства,временските рокови за извршување,динамика,начин на извршување на работите,одржување на постоечките и обезбедување на јавните санитарни јазли и поставување на соодветни за фрлање на отпадоци на јавни површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота,одржување на јавната чистота,собирањето на сметот и чистењето на снегот и ледот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржување на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини,на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.Сопствениците односно корисниците на отворени простори на јавни објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го острануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на Општина Берово го врши ЈПКР„Услуга“- Берово.

**2.Вид,обем,динамика и начин на извршување на работите**

2.1 Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини ќе се се врши на следниот начин:

**Улици кои се метат секој ден**

Ул.„Маршал Тито“ од Полициска станица до ул.„Илинденска“ и од ул.„Цветан Димов“ до Комунално
3800 м$^2$ .
Плоштад со паркинг
6700 м$^2$
Ул.”23$^{ти}$ Август“ од ул.„Маршал тито“ – ул„Зоран Бубевски“
320 м$^2$
Ул.„Цветан Димов“
200 м$^2$

**Вкупно: 11020 м$^2$**

**Улици кои се метат секој работен ден**

Ул."23ти Август"
2000.м²
Ул.„Мирче Ацев"
610 м²
Ул.„Зоран Бубевски" од стопански влез на осмолетка до ул.„ 23ти Август"
1480 м²
Ул.„Димитар Влахов"од собрание до ул.„ 23ти Август" 715 м²

**Вкупно: 4805 м²**

**Улици кои се метат еднаш неделно**

Ул.„Страшо Пинџур" од ул.„Илинденска" до Ловен дом
1920 м²
Ул.„Илинденска" од ул.„Страшо Пинџур" до ул.„М.Тито"
350 м²
Ул.„Партизанска" од ул. .„ Даме Груев " до ул.„ Димитар Двојаковски "
5100 м²
Ул.„Задарска"
3200 м²
Ул.„Димитар Двојаковски" од ул.„ 23ти Август" до канал
320 м² Ул.„Маршал Тито" од Полициска станица – раскрсница Алкалоид
3000м²

**Вкупно: 13890** м²

**Улици кои се метат еднаш месечно**

Ул.„Маршал Тито" од влез на Берово до раскрсница Алкалоид
400 м²
Ул.„Зоран Бубевски" од ул.„ 23ти Август" до Манастир и од ул.„Партизанска" до стопански влез на осмолетка
4600 м²
Ул.„Димитар Двојаковски" од раскрсница Владимирски пат до канал
4500 м²
Кеј нов
7300м²
Плоштад сВладимирово
1769 м²
Плоштад сРусиново
2662 м²
Плоштад сРатево
1894 м²
Плоштад сСмојмирово
791 м²
Плоштад с.Будинарци
1740 м²

**Вкупно: 25 656 м²**

2.2 Одржување на јавна чистота на сите паркови,зеленила и улични тревници во Берово – понеделник,среда и петок и по налог на одговорно лице.

2.3 Одржување на јавна чистота на сите паркинзи,скалила што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалишта – сабота.

2.4 Одржување на јавната чистота на кејот на река Брегалница во градското подрачје од мостот на ул.„Партизанска" до дрвениот мост на река Брегалница над градскиот пазар се врши:

- коритото еднаш неделно – сабота
- кејските зидови – секој први од месецот

2.5 Одржување на јавна чистота на спортски терени во градот (градски стадион) и сите други спортски терени во градот – пред и после натпревар и по налог на одговорно лице.

2.6 Одржување на јавна чистота на градски гробишта – секој ден

2.7 Одржување на јавна чистота на градското пазариште – среда и четврток попладне

ЈПКР„Услуга" Берово е должно да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови од улиците во Берово и главните улици во селските населби.

Чистењето на јавните и сообраќајните површини се извршува во утринските часови.

Одржувањето на јавната чистота со миење ќе се врши во летниот период,двапати во неделата на јавните површини во центарот на градот и тоа:понеделник и петок во раните утрински часови.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно – четврток попладне,а во зимскиот период по потреба.

Во останатите делови на градот,јавните површини ќе се мијат по потреба.

Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува во раните утрински часови или во часовите кога фреквенцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална.

**3. Поставување на садови за отпад и јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини се поставени корпи за фрлање на отпадоци кои треба редовно да се празнат.Истите постепено да се менуваат,одржуваат и надополнуваат.

Одржувањето на јавните санитарни јазли на градското пазариште и градските гробишта е во надлежност на ЈПКР„Услуга“ Берово.Треба редовно да се чистат,мијат и одржуваат во исправна состојба.

Во централното градско подрачје бројот на контејнери е сведен на минимум(само на локации каде има колективни згради,јавни установи и фреквретни локации).Сите домаќинства кои немаат набавено индивидуални садови за комунален отпад да се задолжат од страна на службите во Општината да ги обезбедат стандардните канти за отпадоци.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во Берово ќе го достави до Општина Берово ЈПКР„Услуга“ Берово по денови,реони и улици.

Во селските населби (Русиново,Владимирово,Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци и Ратево) веќе се поставени контејнери.Да се постават и додатни канти за отпадоци и ситен отпад и задолжат граѓаните да си набават садови за комунален отпад,кои немаат обезбедено.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во селските и туристичките населби:

<u>Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци</u> – секој вторник во неделата

<u>Владимирово</u> – секоја среда во неделата

<u>Русиново и Ратево</u> – секој четврток во неделат

<u>Туристичка населба Абланица</u> – секој петок во неделата

<u>Туристичка населба Беровско Езеро</u> – секој петок во неделата

<u>Туристичка населба Суви Лаки</u> – секој 15ти во месецот

Чистењето на контејнерите за ПЕТ отпад е доверена од страна на општината на правно лице кое има лиценца за собирање на овој вид на отпад за кое нешто ќе се врши контрола од страна на овластениот комунален инспектор и комуналниот редар од Општина Берово.Чистењето ќе се врши задолжително еднаш неделно и тоа во среда и по потреба.

**4.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово изнесува 3.850.000,оо денари и тоа:

- Одржување на улици,тротоари,плоштади, кеј,паркиралишта,шеталишта и други јавни површини со метење и миење ______________________________ 3.200.000,оо ден

-Вонредно чистење на плоштади во Берово и населени места по повод организирани манифестации _______________ 250.000,оо ден.

Акција за собирање ПЕТ отпад _______________________________ 200.000,оо ден.

-Ангажирање на 1 лице за собирање на ПЕТ отпад на територијата на Општина Берово ___________________________________________ ___________________ 200.000,оо“ ден.

**ВКУПНО : ________________________________________ 3.850.000,оо денари**

Средствата за одржување на јавната чистота предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместок за јавна чистота во Општина Берово.

5. **Надзор над извршување на програмата**

Надзор над извршување на програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежние орган на општината – Оделение за комунални работи и заштита на животна средина.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота го врши овластениот комунален инспектор и комуналниот редар од Општина Берово.

**6.Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Берово.

Бр.09-4366/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ за 2026 година**

Се објавува **ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ за 2026 година** со Бр.09-4367/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-4396/22 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 05.12.2025 година | Градоначалник |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

**********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ),член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово "бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 122, 123 и 124од Закон за водите(„Службен весник на РепубликаМакедонија“бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 151/21 и 3/25),Советот на општина Берово на 4–та седница одржана на 05.12.2025 година донесе:

## ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ

### Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2026 година

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои , одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Берово од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

- Природниот водотек **"Маначиски поток"** кој се протега покрај улиците „Вељко Влаховиќ“ и улицата „Јуриј Гагарин" предизвикува поплави за време на порои и е потребно чистење на наносот и транспортирање на истиот во депонија. Предвидено е да се чисти потегот низводно од улицата „Димитар Двојаковски“ и узводно покрај улицата „Балканска" во должина од **1000 м**.
- Чистење нанос на **„Чучурски андак“**долж улица „Илинденска“ во Берово, во потег каде што е во отворен канал со должина од околу **200 м.**
- Чистење на нанос во <u>нерегулирано</u> „**Корито на река Брегалница“** узводно од мостот на ул. „11 Октомври“ до граница на опфат на

урбанистички план, и низводно од пешачкиот мост на ул. „Вељко Влаховиќ" до Мост на регионалниот патен правец Берово-Струмица во должина од **1000 м**. И регулирано „Корито на река Брегалница„ од Мостот кај пазарот до мостот кај кафтанци **460** м.**Вкупно 1460 м.**

- „**Ратевска река**" низводно во градежниот опфат на село Ратево.Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините.

- „**Русинска река**" **-** предвидени активности за чистење на потегот во село Русиново од завршетокот на улица „Димитар Влахов" до под мостот на улица „11 Октомври" во должина од **500 метри**, а се состои од чистење на наноси, вегетација и проширување на речното корито.

- „**Дворишка река**" **-**Узводно во градежниот опфат на село Двориште**.** Ќе се работи на чистење на нанос, продлабочување на коритото со формирање на косини на брегот спроти локалниот пат.

- „**Смојмирска река** „-во опфатот на село Смојмирово,Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините во должина од **1000 метри**
- „**Владимирска река** „ во опфатот на село Владимирово Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините во должина од **1000 метри**

Член 3

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма во вредност од **500.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово од програма Ј2-одведување и пречистување на отпадни води.

Бр.09-4367/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А
за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Берово за 2026 година

Се објавува ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Берово за 2026 година со Бр.09-4368/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/23 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

ПРОГРАМА
за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Берово за 2026 година

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 257/20) и член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр.202/24).
Целта на оваа програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Берово.

Воведен дел

За заштита на населението од заразни болести, во 2026 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

• Обезбедување на безбедна вода за пиење;
• Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
• Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини и
• Превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2026 година примарната грижа на Општина Берово ќе биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

Согласно Одлуката за Комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Општина Берово го врши ЈКПР „Услуга" - Берово, преку општинскиот водовод - Берово, а водоснабдувањето на селата Ратево и Двориште го спроведуваат месните самоуправи.

Општина Берово, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, двапати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата Ратево и Двориште.

ЈЗУ Центар за Јавно Здравје – Кочани ќе зема мостри за испитување на вода за пиење и од локални чешми, бунари, кладенци и сл. кои се користат од населението.
Во секој резултат ќе стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврување.

Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Согласно член 38 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води(„Сл.Весник на РМ„ бр. 68/04........ 31/16), загадувачите се должни да ја испитуваат безбедноста на отпадните води. Затоа, сезонски ќе се следи квалитетот на водата од река Брегалница 1 км пред испуштањето на пречистени отпадни води од пречистителната станица за отпадни води, и еден километар од испуштањето на отпадни води од пречистителната станица и ќе се процени еколошкиот ризик и ризикот за здравјето од користење на рибите, жабите и градинарските култури наводнувани со вода од реката. За оваа цел се предвидуваат да се испитаат вкупно 12 примероци вода.
Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација

Согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р М. 66/04; 139/08 , 99/09,149/14,150/15 и 37/16) овластени да вршат дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат бараните критериуми за вршење на вакво дејност.

Се предлага да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат во почетокот на месец Јуни, во месец Јли и Август 2026 година, со опфат од по 150 хектари по едно третирање, или вкупно 450 хектари, во градот и населените места на општината. Доколку постои потреба, може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

Во врска со член 42 од истиот закон, Општина БЕРОВО ќе спроведе општа дератизација, во Октомври 2026 година, со 100 кг. кумарински препарат. За извршување на дератизацијата ќе се третираат вкупно 300 шахти (150 во Берово, 20 шахти во село Ратево, 45 шахти во село Русиново, по 20 шахти во Будинарци и Владимирово, 35 шахти во село Смојмирово и 10 шахти во населбата „Беровско езеро". Во секоја од третираните 300 канализациони шахти ќе се постават по 300 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати, или вкупно 90 килограми. За превентивна дератизација на депонијата за комунален отпад ќе се постават 5 килограми кумарински блокови и 5 килограми ќе бидат поставени во кругот на пречистителната станица за отпадни води.

Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ќе се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

Финансиски план за реализација на програмата

1. Следење на безбедноста на водите за пиење од селски водоводи = 29.700,оо денари

- Хемиски и бактериолошки анализи ........................6 * 2.950,оо = 17.700,оо денари
- Трошоци за пат ......................................................................... 6. 000,оо денари
- Јавни чешми, бунари, кладенци (опционално) ................................ 6. 000,оо денари

2. Доведување на водата за пиење од двата селски водоводи во Двориште и Ратево во изправна состојба, ако се појави потреба од истото = 36 000,оо денари

- Вонредни хиперхлорирања на двата селски водоводи во Двориште и Ратево со течен хлор.................... 100 л. * 360 = 36 000,оо денари

3. Испитување на загаденоста на водата во река Брегалница и процена на ризик = 35.400,оо денари

- Физичко - хемиски и бактериолошки анализи........12* 2.950,оо денари = 35.400,оо денари

4. Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација

4.1. Третирање на комарци во општина Берово = 315.000,оо денари

Три теристички третирања на комарци во населените места = 450 * 700 д ........... 315.000,оо денари

Едно авионско третирање на комарци во Општина Берово = .................. 165.000,оо ден. (алтернативно)

4.2. Општа дератизација на канализациониот системе и градската депонија = 116. 000,оо денари

90 кг. отров во градската и селските канализации (90* 1.000 = 90 000) = ....... 90. 000,оо ден.

| Програма | Вид на активности | Цена по активност во денари |
|---|---|---|
| Р1 | **Води за пиење** | **29. 700,оо ден.** |
| | **Хиперхлорирање на селски водоводи** | **36. 000,оо ден.** |
| Р1 | **Анализа на р. Брегалница** | **35. 400,оо ден.** |
| Т1 | **Уништување на комарци (3 теристички третирања)** | **315. 000,оо ден.** |
| Т1 | **Дератизација на канализација и депонија** | **116. 000,оо ден.** |
| | **ВКУПНО** | **532.100,оо ден.** |

Бр.09-4368/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**П Р О Г Р А М А**

**за други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња за 2026 година**

Се објавува **П Р О Г Р А М А за други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња за 2026 година** со Бр.09-4369/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/24 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на Република Македонија“ бр.149/14, 149/15 и 53/16 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.65/23) Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА

За други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња за 2026 година

Со оваа програма за други комунални услуги, контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња се предвидуваат работи и работни задачи, предвидени средства за работа и динамика и реализација на предвидената програма.

**Воведен дел**

За решавање на проблемот поврзан со присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивние законски прописи во Република С. Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување, третман и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

Општина Берово се соочува со се поизразениот проблем со бездомни и улични

кучиња кои претставуваат опасност за населението и даваат лоша слика за градот и населените места.

Со цел за решавање на проблемот со бездомните и улични кучиња во општина Берово превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. Изработен е повеќегодишен План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово.

**Активности**

Ангажирање на стручна ветринарна фирма за заловување, превоз, третирање, потоа вдомување или враќање во реон на заловување на бездомни и улични кучиња, како и други регистрирани и нерегистрирани кучиња кои ќе се затекнат без присуство на сопственик на јавна површина во градот и населените места на територијата на општина Берово.

Законски предвиден третман на заловените кучиња се состои од

1. Лабараториско испитување за заразна болест Лајшманиоза
2. Тест за социјализација на заловените кучиња
3. Овариохистеректомија (стерилизација) на кучиња - женки
4. Орхиектомија (кастрација) на кучиња - машки
5. Идентификација и регистрација - обележување со микрочип и ушни маркички со изработка на досие
6. Вакцинација против Беснило и дехелментизација со средство кое делува против ехинококоза (антипаразитски третман)
7. Еутаназија со транспорт до определено место на депонија

Во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2025 година бр. 02-943/2 од 10.03.2025 (Службен весник на РСМ бр. 54/2025), сите кучиња кои ќе бидат заловени треба да се тестираат за присуство на болеста лајшманиоза. Тестирањето на заловените кучиња се прави пред да се извршат другите превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се евтаназираат веднаш.

Во случај на заловено регистрирано куче се добие позитивен резултат на лајшманија надлежното ветеринарно друштво треба да го информира сопственикот за ризиците и последиците од чување на заболеното куче. Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, потребно е кучето повторно да се тестира со молекуларен метод или да се следи и повторно да се тестира по три месеци. Сопственикот на кучето треба да потпише Изјава за чување на куче кое е заболено од лајшманиоза. Доколку не постои можност за лечење, позитивните кучиња кои имаат сопственик треба да се еутаназираат. Кучињата со сопственик кои се позитивни на лајшманиоза треба да се третираат против екто паразити и да се лекуваат под официјален надзор. Официјалниот надзор вклучува: - достава на месечен извештај за спроведената терапија од надлежното ветеринарно друштво до официјалниот ветеринар и - контрола на лице место (нон- стоп контрола) доколку официјален ветеринар смета дека е потребно.
Трошоците за лабораториските испитувања, лекување и еутаназија се на товар на сопствениците на кучиња.

Бездомните кучиња кои се вдомени или вратени во реонот на заловување, треба да се идентификувани со микрочип, тестирани на лајшманиоза со негативен резултат, стерилизирани/кастрирани, да се вакцинирани против беснило и дехелминтизирани.
Бездомните кучиња кои се вратени во реонот на заловување треба дополнително видливо да се обележат со ушна маркица на која е впишана ознаката на општината согласно ознаките на општините.

Општина Берово ќе врши субвенционирање на трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово. Преку јавен повик во текот на 2024 година е планирано да се субвенционираат 100 % од трошоците за оваа активност со поднесување на Барање за добивање на средства за стерилизација на регистрирани женски кучиња. Критериумите и условите ќе бидат утврдени дополнително преку Правилник за критериумите и постапката за субвенционирање на трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово.

За тековно и нормално функционирање на програмата за контрола и третман на бездомни и улични кучиња и други регистрирани и нерегистрирани кучиња и нивен медицински третман потребно е да се одредат активности и финансиски средства за реализација на истите како што следи:

Финансиски план за реализација на програмата

I.

Потребни средства за реализација на предвидените активности за третирање на 60 кучиња:

1. Заловување и чување на регистрираните и нерегистрираните кучиња
60 кучиња x 14 дена чување во стационар = 840 денови x 250 денари = 210.000,00 ден.
2. Лабараториско испитување за заразна болест Лајшманиоза
60 кучиња x 700 денари = 42.000,00 ден.
3. Тест за социјализација на заловените кучиња од страна на стручни лица
55 кучиња x 1.200 денари = 66.000,00 ден.
4. Овариохистеректомија (стерилизација) на кучиња – женки
45 кучиња x 2 800 денари = 126.000,00 ден.
5. Орхиектомија (кастрација) на кучиња – машки
10 кучиња x 2 000 денари = 20.000,00 ден.
6. Идентификација и регистрација - обележување со микрочип и ушни маркички со изработка на досие
55 кучиња x 800 денари = 44.000,00 ден.
7. Вакцинација против Беснило и дехелментизација со средство кое делува против ехинококоза (антипаразитски третман)
55 кучиња x 800 денари = 44.000,00 ден.
8. Еутаназија со транспорт до определено место на депонија
5 кучиња x 2 200 денари = 11.000,00 ден.
9. Транспорт (превоз) од прифатилиште до место на заловување и обратно.
(Едно доаѓање во Берово заради заловување, превоз до прифатилиште или враќање по третирање)
12 x 3 000 денари = 36.000,00 ден.

Предвидените финансиски средства за секоја активност пооделно се средна вредност од досегашните понудени и спроведени јавни набавки од последните 3 години.

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Берово за 2026, оваа програма ќе започне да се спроведува од месец Јануари 2026 година.

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка J8

Вкупно потребни средства за реализација на програмата:

1. Заловување и чување на кучиња = 210.000,00 ден.
2. Испитување на Лајшманиоза = 42.000,00 ден.
3. Тест за социјализација на кучиња = 66.000,00 ден.
4. Стерилизација на кучиња – женки = 126.000,00 ден.
5. Кастрација на кучиња – машки = 20.000,00 ден.
6. Идентификација и регистрација = 44.000,00 ден.
7. Вакцинација и дехелментизација = 44.000,00 ден.

8. Еутаназија = 11.000,00 ден.
9. Транспорт = 36.000,00 ден.

Вкупно: = 599.000,00 ден.
ДДВ = 107.820,00 ден.
ВКУПНО ........................................................... = 706.820,00 денари

II.

За реализација на активноста за субвенционирање за стерилизација на регистрирани женки кучиња (миленици) се предвидуваат = 118.000,00 ден.

Ставка Ј8 - ВКУПНО ......................................... = 824.820,00 денари

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната овластена ветеринарна и шинтерска служба согласно единичните цени во Договор за јавна набавка на услуги, Програмата и бројот на кучињата кои се третирани.

Оваа Програма влегува во сила на денот на донесувањето, и истата ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4369/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**Програма**
**за одржување на општински патишта и улици**
**за 2026 година**

Се објавува **Програма за одржување на општински патишта и улици за 2026 година** Бр.09-4370/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/25 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 34 од Законот за јавните патишта („Сл. Весник на РМ“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), а врз основа на член 13 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл. Весник на РМ“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24 и

193/25), член 2 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и„Сл. весник на РСМ“ бр.122/21, 255/24 и 101/25), член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 124/10, 18/11, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.215/21 и 124/25), и член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/11, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.215/21 и 124/25), Советот на општината, на предлог на Градоначалникот донесува Програма за одржување на општински патишта и улици во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2026 година., Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година донесе:

## Програма
## за одржување на општински патишта и улици за 2026 година

### 1. Зимско одржување на општински патишта и улици во општина Берово со оперативен план за сезона 2026 година

**ОПШТ ДЕЛ:**

Зимското одржување на општински патишта и улици во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2026 година го предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на локалните улици и патишта во Берово и селските населби.

Зимското одржување на општински патишта и улици во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2026 година ќе биде прилагодена на климатските и рељефните услови на територијата на општина Берово.

Овој дел од Програмата за одржувањена општински патишта и улици има цел да обезбеди активности за ефикасно планирање, организирање и функционирање на сите засегнати субјекти преку:

- Дефинирање на делокругот на работите и обврските на сите засегнати субјекти во зимското одржување на општински патишта и улици;
- Определување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и мразот од коловозните површини;
- Планирање на потребните финансиски средства.

Јавни патишта на територијата на општина Берово се општинските патишта и улици.

Работи на зимско одржување на општински патишта и улици претставува:

- Чистење на снег и мраз од коловозот на општински патишта и улици, објектите на комуналната инфраструктура и тротоарите во општината;
- Посипување на коловозот со индустриска сол или др. абразивни средства на осојничавите места, делниците од општинските патишта и улици со поголем наклон како и на др. места каде има веројатност од појава на мраз на коловозот;
- Посипување на коловозот со ризла на општинските патишта и улици за поголема безбедност на возилата и пешаците.

Работите на зимското одржување на општинските патишта и улици се изведува на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност на улиците и патиштата во зависност од утврдениот приоритет кој произлегува од категоризацијата и значењето на општинскиот пат или улица за локалното население. По исклучок кога согласно на условите на терен, работите на зимското одржување на општинските патишта и улици, односно нивен дел, неможат да го обезбедат редовното одвивање на сообраќајот, општина Берово, привремено, делумно или целосно ќе го запре

сообраќајот и ќе определи по кој алтернативен пат и под кои услови (ако е применливо) ќе се одвива сообраќајот. Воедно преку средствата за јавно информирање (веб страна на општина Берово, и др. облици на информирање Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при општина Берово во рок од 48 часа ќе го информира населението за најавените промени на сообраќајот.

Ако заради снег, голомразица или други причини, сообраќајот на одреден општински пат или улица е отежнат или пак безбедноста во сообраќајот е значително загрозена, Општина Берово во координација со институциите на локално ниво ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките. Во случај ако тоа не е возможно да се направи и пречките по одвивањето на сообраќајот не можат целосно или во најголема мерка да се отстранат, општина Берово по претходна согласност од Министерството за транспорт и врски и координација со МВР-Сообраќајна полиција и Регионалниот центар за управување со кризи ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила.

Во случај кога прекинот на собраќајот на одредена општински пат или улица трае подолго од 2 часа, Општина Берово ќе го информира населението преку средствата за јавно информирање.

Општина Берово во услови кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот, со сообраќајни знаци и/или на друг начин ќе ги означи условите и режимот на сообраќајот на општинскиот пат или улица.

Во случај на прекин на општински пат или улица поради елементарна непогода (снежна лавина, одрони од поголем обем, лизгање на земјиштето или др. причини), Општина Берово ќе постапи според соодветен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

**ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ:**

Преку организационата поставеност се дефинираат работите и обврските на директните учесници во реализацијата на оваа Програма, односно на зимското одржување на општинските патишта и улици на територијата на општина Берово. Имено во зимското одржување на општинските патишта и улици на територијата на општина Берово учествуваат надлежните органи на локалната самоуправа со следните обврски:

- **Општина Берово;**
  - Изготвува Програма за одржување на општински патишта и улици со Оперативен план за зимско одржување на општинските улици и патишта;
  - Изготвува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди;
  - Го организира зимското одржување на општински патишта и улици;
  - Склучува Договори за спроведување на активностите предвидени со програмата;
  - Преку средствата за јавно информирање ја информира јавноста за обврските на субјектите задолжени за зимското одржување;
  - Го финансира зимско одржување на општински патишта и улици.

- **Совет на Општина Берово;**
  - Донесува Програма за одржување на општински патишта и улици со Оперативен план за општина Берово за зимско одржување на општински патишта и улици;
  - Донесува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

- **Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при Општина Берово;**
  - Врши стручен надзор над чистењето на снег и мраз од коловозот на општинските патишта и улици, објектите на комуналната инфраструктура, тротоарите и др. и нивното посипување со индустрсика сол и/или песок;
  - Привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот во случаите кога целосно или во најголема мерка неможат да

се отклонат последиците кои можат да имаат загрозувачко дејство по безбедноста во сообраќајот;
- Го информира населението/корисници на општинскиот пат или улица на која има промена во однос на сообраќајот за превземените мерки преку средствата за јавно информирање.
- Превзема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или при значителна загрозеност на безбедноста во сообраќајот или го запира сообраќајот на одредени делници од општинскиот пат или улица или на нивен дел по претходно добиена согласност од надлежен орган.
- Ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин на одвивањето на сообраќајот подолг од 2 часа.
- Постапува по планираните активности предвидени со посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

- **Комунален инспектор;**
  - Врши надзор и контрола на чистењето на јавните површини и објектите на комуналната инфраструктура.

- **Комунално претпријатие;**
  - Обезбедуваат непречено извршување на редовните активности

- **Оператор со кој општината има склучено Договор за реализација на делот од програмата за зимско одржување на општински патишта и улици;**
  - Го реализира делот од Програмата за зимско одржување на општински патишта и улици;
  - Врши набавка и складирање на абразивни средства (индустриска сол) и/или песок и се грижи за негова навремена употреба/расфрлање;
  - Организира тимови за приправност со потребен алат и опрема и се грижи за исправност на механизацијата наменета за зимско одржување;
  - Го расчистува снегот од коловозните површини;
  - Депонира одредени количини на песок на критичните места и врши посипување со абразивни средства или песок на коловозните површини;
  - Др. работи поврзани со непреченото извршување на зимското одржување на општинските патишта и улици (на пр. сечење и отстранување на паднати дрвја од коловозите и сл.).

Во зимското одржување на општинските патишта и улици учествуваат и други органи, институции, претпријатија и др.

- **Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата;**
  - Организира и спроведува едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната култура, превентивни активности и безбедноста во патниот сообраќај.

- **Општински штаб за заштита и спасување;**
  - Учествува во изработката на делот од Програмата за зимско одржување, учествува во следењето на нејзината имплементација и воопшто на севкупните состојби во зимскиот период заради навремено превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, односно организација и спроведување на конкретни активности за обука, опремување и подготвеност на екипите од населените места кои ќе вршат чистење на снегот и посолување на коловозите.

- **Државен Инспекторат за патишта;**
  - Врши надзор и контрола на мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

- **Регионален Центар за управување со кризи;**
  - Врши координација со органите на локалната самоуправа, врши нивно информирање за временската состојба (соработка со хидро – метеоролошка служба) и по потреба координира активности на регионално ниво и при поголеми

загрозувања на безбедноста во сообраќајот и воопшто на безбедноста.

- **МВР – Сектор за сообраќајни работи;**
  - Ги извршува работите од своја надлежност, информира, координира и содејствува во активностите на локално ниво.

- **Јавно претпријатие за државни патишта „Македонија пат„ подружница Берово**
  - Јавното претпријатие нема обврска за чистење на општинските патишта и улици на територијата на општина Берово но сепак заради нивното одржување на регионалните патни правци и востановената долгогодишна соработка со локалната самоуправа на Општина Берово во поглед на зимското одржување, при поголеми снежни врнежи делницата на локален пат Студенец - село Двориште, Регионален пат Берово – Виница до село Митрашинци и др. во одредени ситуации може да биде предмет на координација во поглед на нивното зимско одржување.

- **Градежна оператива**
  - За видот и обемот на вклучувањето на механизација од претпријатија кои располагаат со соодветни возила кои можат да бидат вклучени во расчистувањето на снегот во исклучителни случаи одлучува Општината по претходна консултација и барање од поседувачите на таква опрема во општина Берово

- **Институции на локално ниво, претпријатија, граѓани сопственици или корисници на делови од згради или згради/простории (продавници, ресторанти, кафе барови и сл.);**
  - Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

- **Граѓаните, сопственици на индивидуални стамбени објекти;**
  - Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА СЕЗОНА 2026 ГОД.**

**ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ:**

Обемот на одржувањето на општинските патишта и улици зависи од:

- Густината на населението;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- Вид и број на инфраструктурни објекти;
- Коловозните површини на општинските патишта во Берово предвидени за оспособување се со должина од **19.5** Км и нивното расчистување ќе се одвива по следниот приоритет:
  1. Сообраќајници по кои се одвива јавен превоз;
  2. Сообраќајници од посебно значење за функционирањето на градот Берово и општината, пристап до здравствени, образовни, управни, јавни и др. објекти и институции од важност за нормалното функционирање;
  3. Пристапни општински улици.
- Коловозните ленти како општински патишта во 8 селски населби, вклучувајќи ја и туристичката населба Абланица се **28** Км.
- Посипувањето со абразивни средства/песок при голомразица и во услови кога нема врнежи од снег ќе се врши по приоритет, на критични точки и по сообраќајниците по кои се врши јавен превоз.
- Обемот на коловозните површини предвидени за расчистување ќе се одвива според приоритетна листа;

**ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО:**

Зимското одржување на општинските патишта и улици ќе се врши со машинско расчистување на снегот од коловозните површини, посипување на абразивни средства/песок во случај на голомразица и во исклучителни случаи со рачно чистење на одредени делници/локации.

Според важноста на општинските патишта и улици, интензитетот на сообраќајот, местоположбата, поврзаноста и др. истите можат да се групираат во 2 (два) приоритетни групи за зимско одржување:

- **ПРВ ПРИОРИТЕТ:**

  **Во прв приоритет на општински патишта и улици спаѓаат сите улици во населените места кои овозможуваат влез, односно излез и редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

1. Улица „Маршал Тито“ од полициска станица до центарот и од центарот до излезот, спој со „Зоран Бубевски“
2. Улица „Партизанска“ од полициска станица до спој со „Димитар Двојаковски“
3. Улица „Задарска“ од спој со „23 Август“ до спој ул.„Партизанска“
4. Улица „ Димитар Двојаковски “ од влезот до спој со „23 Август“
5. Улица „23 Август“ од центарот до раскрсница со „Гоце Делчев“
6. Улица „11 Октомври“ од раскрсница со „23 Август“ до спој со „Зоран Бубевски“
7. Влез во село Русиново од Ѓердови воденици до центарот,од центарот до излезот према Владимирово и од центарот до основното училиште,
8. Влез на село Ратево од регионалниот пат Берово – Струмица до центарот на селото,
9. Влезот на село Двориште од Студенец до центарот на селото,
10. Влезот на село Митрашинци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
11. Влезот на село Будинарци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот и од центарот до регионалниот пат Берово – Виница,
12. Влезот на село Мачево од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
13. Локален пат Мачево – Владимирово,
14. Од центарот на Владимирово до излезот према Русиново, и од центарот на селото до излезот спрема месноста Премка,
15. Влезот на селото Смојмирово од регионалниот пат Берово – Виница до основното училиште и патот од училиштето до регионалниот пат Берово – Делчево.

- **ВТОР ПРИОРИТЕТ:**

  **Во втор приоритет на општински патишта и улици спаѓаат сите останати улици во населените места кои овозможуваат редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

На деловите со подложен пад над 7% (критични места во зимски услови) во:

- Берово: Улици
  - „Даме Груев“
  - „Страшо Пинџур“
  - „Туристичка“
  - „Илинденска“
  - „Димитар Влахов“
  - „Вељко Влаховиќ“
  - „Карпош“
  - „Индустриска“
  - „Бел Камен“
  - „Јури Гагарин“
  - „Балканска“
  - „23 Август“ – висока зона
  - „Ѓуро Ѓаковиќ“
  - „Никола Пехчевски“
  - „Енгелсова“
  - „Марксова“
  - „5 та Улица“
  - „Крушевска република“
  - „Ѓорѓи Димитров“

- „Питу Гули“
- „Малешка“
- „Пионерска“
- „Првомајска“
- Локален пат „Абланица“ – од пат Берово – граница до црква св.Недела

По потреба и на други места во зависност од временските услови и моменталната состојба на коловозните површини, односно проценката на одговорните лица се депонира одредена количина на песок (1-2 $м^3$) која се разнесува со трактор со сеалка или рачно.

**ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на општинските патишта и улици, односно на коловозните површини се врши со ангажирање на:

- Механизација,
- Специјални машини и опрема,
- Работна сила и
- Средства (абразивни средства, песок и др.)

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови, односно се утврдуваат:

- **ПРВА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос до 10 см.**

- **ВТОРА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос над 10 см.**

Зимското одржување на коловозните површини го врши ЈПКР „Услуга“ Берово со кој Општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување.

Начинот на зимското одржување го определува операторот со кој Општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување почитувајќи ги приоритетите определени со оваа Програма како и во координација со општина Берово.

**МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛА**

Операторот со кој Општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување на општински патишта и улици во договорот ќе ги определи механизацијата, опремата, материјалите и работната сила која ќе биде на располагање во Прва, односно Втора состојба на готовност.

Ако состојбата на теренот има потреба, субјектот со кој општината има потпишано договор за зимско одржување во соработка и координација со општината ќе обезбеди и ангажира дополнителни ресурси (градежни машини и луѓе) заради давање на соодветен одговор во услови на подолготрајно врнење на снег и др. односно заради нормализирање на состојбите со безбедноста на сообраќајот во зимски услови.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗИМСКОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И НАДЗОР**

Извршувањето на делот од Програмата за зимско одржување на општински патишта и улици во општина Берово за сезона 2026 ќе го врши општина Берово преку склучување договор за зимско одржување со Оператор.

Надзорот врз извршувањето на делот од Програмата за зимско одржување на општински патишта и улици во општина Берово за сезона 2026 ќе го врши Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина и комуналниот инспектор при Општина Берово.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите предвидени со Програмата за зимско одржување на општински патишта и улици во општина Берово за сезона 2026 ќе се врши со средства од Буџетот на општина Берово за 2026 година.

| Ред. Бр. | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на песок и абразивни материјали | Сезона 2026 | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 2 | Ангажирање на трактор и сеалка | Сезона 2026 | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 3 | Ангажирање на градежни машини | Сезона 2026 | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 4 | Ангажирање на камион со специјален нож | Сезона 2026 | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 5 | Непредвидени трошоци | Сезона 2026 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО 1 :** | / | **1.250.000,00 ден.** | **1.250.000,00 ден.** |

**2. Одржување и заштита на општински патишта и улици**

2.1 Крпење на ударни дупки ....................................................................... 1.000.000,оо ден

2.2 Санирање на банкини и канафки на општински пат „Ѓердови воденици – Русиново“........................................................... 1.000 000,оо ден

2.3- Санирање на банкини и канафки на општински пат „Студенец – Двориште“ .................................................................................. 450.000,оо ден

2.4 Набавка и изградба на сообраќајна сигнализација ............. 450.000,оо ден

2.5 Хоризонтално обележување на сообраќајна сигнализација.. 500.000,оо ден

***Вкупно 2.................................................................................................. 3.400.000,оо ден***

**ВКУПНО 1 + 2 ..................................................................................... .4.650.000,оо ден.**

Програмата за одржување на општински патишта и улици влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Берово“

Бр.09-4370/1 Совет на Општина Берово
05.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**П Р О Г Р А М А**
**за заштита и спасување на Општина Берово во 2026 година**

Се објавува **П Р О Г Р А М А за заштита и спасување на Општина Берово во 2026 година** Бр.09-4371/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/26 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ
И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА
ВО ОПШТИНА БЕРОВО

Се објавува ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ВО ОПШТИНА БЕРОВО Бр.09-4372/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/27 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 5, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23) и член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година, донесе:

ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ
И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА
ВО ОПШТИНА БЕРОВО

**ВОВЕД**

Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја со цел зачувување и негување на историјата, историските и културните вредности на градот.

На територијата на Општина Берово досега се изградени поголем број споменици, спомен бисти, спомен плочи. Во наследство на денешните генерации останува да се зачува споменот на значајни настани и истакнати личности од историјата и културата на граѓаните на општината на македонскиот народ. Со поставувањето на спомен обележјата ќе се изрази почит и грижа на граѓаните на општината кон значајните културни и историски настани и личности, ќе се зачува споменот на нивниот лик и дело. Преку уметничките и архитектонските дела поставени на јавни површини ќе се одбележи ваквата почит и грижа.

Со оваа Програма се утврдуваат приоритети кои Општина Берово ќе ги опфати со одбележување на личности и дела на личности од значење за историјата и културата како и подигање на спомен обележја на подрачјето на општината.

Со Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Берово, општината поблиску ги регулира прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности, што се од локално значаење, условите и постапката за подигање на спомен обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита, чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен – обележјата, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата ( Сл.весник на РМ бр. 66/04, 89/08 и 152/15).

Спомен обележје може да подига општината, согласно со гореспоменатиот и друг закон.

Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до Советот на општината за подигање на спомен – обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се :

- Обезбедување на активен однос на Општина Берово кон значајни настани и личности

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовно наследство, настаните од овие датуми и личности кои во нив учествувале.

- Сочувување и афирмирање на историскиот идентитет на Општината Берово

**АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Берово во одбележувањето на значајни настани и личности во општината ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одбележување на значајни настани и личности;

- Одбележување на значајни настани и личности кои и даваат посебно обележје на Општина Берово со спомен-обележја;

- Остварување на продуктивна соработка со асоцијации, организации и фондови кои го реализираат и помагаат одбележувањето на овие датуми и личности.

| ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Празници, манифестации, настани | Активности | Носители на активноста | Извори на средства | |
| | | | ЕЛС | Други извори |
| **23 јуни** | Одбележување на годишнина од смртта на загинатите бранители во воениот конфликт во македонија 2001 година | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **23 август Ден на ослободувањето на Берово** | Одбележување на Денот на ослободувањето на Берово | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | | |
| **8 септември Ден на независноста на Република Македонија** | Одбележување на Денот на независноста | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **18 септември Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ, с. Митрашинци** | Одбележување на Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ, с. Митрашинци | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Октомври Годишнина од загинувањето на Ацо Караманов** | Одбележување на годишнина од загинувањето на Ацо Караманов | Општина Берово, Дом на култура, Општина Радовиш | 3 000,00 | |
| **11 Октомври, Ден на народното востание** | Свечена академија со културно - уметничка програма | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски“ | 3.000,00 | |
| **19 октомври Годишнина од формирањето на 51-та Дивизија на НОВ и ПОМ и бригадите во нејзиниот состав, с.Владимирово** | Положување свежо цвеќе | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба** | Положување свежо цвеќе | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **Ноември Спомен костурница** | Положување свежо цвеќе | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **Марш до Петлец - Русиново** | | МЗ с.Русиново во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Вкупно** | | | | **27.000,00 денари** |

**ПОДИГАЊЕ, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА**

| ПОДИГАЊЕ, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Споменици и спомен обележја | Активности | Носители на активноста | Средства |
| Изработка на проект за реконструкција и санација на Споменикот во с. Митрашинци подигнат во спомен на Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ | Реконструкција и санација | Општина Берово | 60.000,00 |
| Спомен костурница во близина на градски стадион | Реконструкција и санација | Општина Берово | 400.000,00 |
| **Вкупно** | | | **460.000,00** |

Општина Берово може да ја проширува оваа Програма и со спомен обележја по иницијатива на правни и физички лица во согласност со Законот за меморијални споменици и спомен обележја.

**ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на изградбата на спомен-обележјата како и трошоците за чување, одржување и заштита на спомен обележјата ќе се врши од средства на Буџетот на Општина

Берово, од Буџетот на Република Северна Македонија, од донации како и од други извори во согласност со закон.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Берово, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

**РЕАЛИЗАЦИЈА**

За подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на секое спомен-обележје содржано во Програмата, Советот на Општината ќе донесе посебна одлука.

За секое спомен-обележје содржано во Програмата, односно за спроведување на постапката за негово подигање, Советот на Општина Берово ќе именува Одбор за подигање на спомен-обележје. Составот и делокругот на Одборот се определува во актот за неговото именување.

Иницијатива за дополнување на оваа Програма за подигање на спомен-обележја како и вложување средства за нивно подигање можат да дадат правни и физички лица до Советот на Општина Берово.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Број 09-4372/1
05.12.2025 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2026 ГОДИНА**

Се објавува **ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2026 ГОДИНА** Бр.09-4373/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/28
05.12.2025 година
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 5, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2026 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Со Програмата за активностите на општина Берово во областа на културата се утврдува локалниот интерес во културата, соодветен на специфичноста и развојните потреби на локалната заедница.

Културата претставува основен столб на идентитетот и општествениот развој на Општина Берово. Таа ја изразува духовната, историската и уметничката традиција на граѓаните, а воедно создава основа за меѓусебно почитување, креативност и современ културен израз.

Општина Берово, преку Годишната програма за култура, има за цел да овозможи континуиран и рамномерен културен развој, да ги поттикне уметничките потенцијали на младите, да ја зачува и промовира локалната традиција и да ја збогати туристичката понуда. Таа претставува динамичен план на активности низ целата година, кои ќе придонесат за поактивно учество на граѓаните во културниот живот и за развој на културна сцена што ќе ја зголемува препознатливоста на Берово.

Годишната програма се предлага во рамки на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните вредности, организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво кои се од јавен интерес и локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

развој на општина Берово, бр.09-3620/1 од 13.10.2025 година, усвоен од Совет на општина Берово, ќе започне со реализација на Проектот „МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ВО СКЛОП НА ДОМ НА КЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ"-Берово.

Со проектот се предвидува изградба на модерен и современ енергетски ефикасен објект, за сценска и културна дејност, за одржување на различни настани, набавка на модерна и современа аудио- визуелна опрема, како и сценска и техничка опрема за филмски проекции, презентации, концерти, конференции, театарски престави и слично.

Проектот е одобрен, во рамки на вториот повик на Влада на РСМ, за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година. Вкупната проектирана вредност е 115.354.817,00, од кои од Влада на РСМ се одобрени 90.414.225,00 денари, а од Буџетот на општина Берово согласно Развојната програма се предвидени 24.940.592,00 денари.

**VI ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **7.075.000,00** денари е предвидено во Буџетот на Општина Берово за 2026 година Програмата К4 –Културни манифестации и творештво на Буџетот на Општината и Министерството за култура на Република Македонија. Определени средства и финасии можат да бидат обезбедени од повисоко ниво на власт, спонзорства и донации.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Берово, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

Предвидените културни настани ќе бидат реализирани од страна на општинската администрација, културните институции Домот на културата и Музеј на град Берово, со поддршка од основните, средното училипште и детската градинка на територијата на општината, како и граѓанскиот сектор.

**VII ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во делот на активностите за организирање и поддршка на манифестации таа претставува продолжување на традиционални настани и манифестации кои се одржуваат во општината и кои се најзин белег. Посветено е внимание притоа настаните и манифестациите да го задржат карактерот на културниот идентитет на општината кој се одликува со традиционални вредности на меѓунационален и меѓурелигиски соживот притоа потенцирајќи ги и вредностите кои општината ги има од аспект на културно-историското минато и функционалноста кон потребите на заедницата.

Поддршката пак на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата. Според нашите сознанија и искуства потребно е подиректно вмрежување на овие институции со цел нивните вредности кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината.

Изработката на промотивен материјал за афирмирање на културно – историско богатство на општината е од базично значење за општината како во насока на сопствена промоција на културата, така и во насока на поддршка и развој на туризамот како основна стратешка определба.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово".

Број 09-4373/1 — Совет на општина Берово
05.12.2025 год. — Претседател
Берово — Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
на Општина Берово од областа на образованието за 2026 година

Се објавува П Р О Г Р А М А на Општина Берово од областа на образованието за 2026 година Бр.09-4374/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/29 — ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година — Градоначалник
Б е р о в о — Петар Ружински с.р.

**********************

Активностите од областа на образованисто, утврдени со оваа програма, ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Берово за 2026 година.

За активностите од областа на образованието што ги опфаќа програмата, а кои ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Берово.

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Берово.

Број 09-4374 /1
05.12.2025 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

Се објавува **ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2026 година** Бр.09-4375/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/30
05.12.2025 година
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово**
**во областа на социјална заштита во 2026 година**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 7, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово**
**во областа на социјална заштита во 2026 година**

**ВОВЕД**

Социјалната заштита е основен столб на секое општество, насочена кон обезбедување поддршка и сигурност на лица и семејства кои се наоѓаат во тешка социјална, економска или здравствена ситуација. Целта на програмата за социјална заштита е да обезбеди еднакви можности за сите граѓани, да ги намали ризиците од сиромаштија и социјална исклученост и да ја зајакне социјалната кохезија.

Социјалната заштита што ќе се равива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

Општина Берово обезбедува вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите, како и во рамки на надлежностите на општините согласно позитивните законски прописи.

Активностите на ОЈУСЗСЛ „д-р Иван Влашки“ Берово, ОЈУДГ „23 Август “ Берово и одредени трансфери и активности со кои Општина Берово ќе дава помош и поддршка во остварувањето на социјална заштита, со средства од општинскиот Буџет и од донатори влегуваат во Програмата за социјална заштита на општина Берово.

Двете установи кои работат на територијата на Општина Берово во областа на социјалната заштита, ги реализираат своите активности преку средства приберени по пат на самофинансирање, што значи прибирање на средства од корисниците на услугите, со средства од Буџетот на Општина Берово и преку блок дотација од Министерството за труд, социјална политика, демографија и млади, како и разни други дотациски средства, кои се реализираат по поднесена апликација, од страна на општина Берово.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализирање на активностите од ова програма, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, преку поддршка од Министерството за труд, демогрфија и млади, заинтересирани партнери, за меѓусебна соработка во земјата и на меѓународно ниво, грантови од организации, здруженија, амбасади и други извори на финансирање, а учеството на партнерите, ќе биде определувано, при изготвување на конкретната мерка.

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Берово за 2026 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Општина Берово, преку вработените службеници во Одделението за јавни дејности, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Берово".

Број 09-4375/1 Совет на општина Берово
05.12.2025 год. Претседател
Берово Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Се објавува **ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА** Бр.09-4376/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/31 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(„Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 73 од Статутот на Општина Берово(„Сл.гласник на Општина Берово„ 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23) Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 год. донесува:

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Општина Берово, во согласност со Законот за спорт и Националната стратегија за развој на спортот, се залага за создавање услови за вклучување на младите во спортски активности, развој на спортската инфраструктура и промоција на здрави животни навики кај граѓаните.

Во Законот за локалната самоуправа, во листата на надлежности на општините, се утврдени работите кои општината може да ги врши во областа на спортот и рекреацијата и тоа:

- ✓ Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;
- ✓ Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општината
- ✓ Финансирање на проекти, спортските настани и манифестации од интерес на општината и
- ✓ Одржување на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на спорт во 2026 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;

-Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Република Северна Македонија и надвор од неа;

**АКТИВНОСТИ**

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Берово ќе ги преземе сите потребни активности ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Берово во државата и надвор од неа, како и подобрување на структурата на теренот и објектите во склоп на Градскиот стадион.

| | Активност | Носители на активноста | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Општина Берово | Други извори |
| I СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | | | | |
| I.1. | Зимски турнир на мал Фудбал Работнички спортски игри | Општина Берово | 60.000,00 | |
| I.2. | Турнир во мал фудбал во населени места | НВО, Месни зедници и Општина Берово | 100.000,00 | |
| I.3. | Летен регионален турнир во мал фудбал –Берово | ЗГ и Општина Берово | 100.000,00 | |
| Вкупно I : | | | **260.000,00** | |
| II ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ и СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА | | | | |
| II.1. | Активности согласно поднесени планови и програми од здруженија на граѓани | Спортски здруженија на граѓани | 140. 000,00 | |
| II.2. | Активности согласно План и програма на ОФК Малеш Берово | ОФК Малеш, Општина Берово | 800 000,00 | |
| II.3. | Активности согласно план и прграма на ОФК Малеш млади категории-деца | ОФК Малеш, Општина Берово | 400 000,00 | |
| II.4. | Активности согласно План и програма на пингпонгарски клуб Берово од Берово | ППК Берово | 100 000,00 | |
| II.5. | Активности согласно План и програма на Здружение на граѓани за промоција и развој на алтернативен туризам ОФ-РОУД Малеш Берово | ОФ-РОУД Малеш Берово | 60.000,00 | |
| Вкупно II: | | | **1.500.000,00** | |
| III УЧИЛИШЕН СПОРТ | | | | |
| III.1. | Трка по повод денот на пролетта | Основни и средно училиште, Општина Берово | 100.000,00 | |
| III.2. | Активности согласно План и програма на Училишен спортски клуб | Училишни спортски клубови | 30 000,00 | |
| Вкупно III | | | **130.000,00** | |
| IV НАГРАДИ ЗА ВРВНИ СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ПОЕДИНЕЧНИ СПОРТОВИ | | | | |
| IV .1 | Други поединечни спортови | | 100 000,00 | |
| | | | | |
| Вкупно IV | | | **100 .000,00** | |
| V РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ | | | | |
| V.1. | Поставување на пластични столчињана трибините на Градски стадион Берово | | 200 000,00 | |
| V.2. | Поставување на автоматско наводнување на тревникот | | 350 000,00 | |
| V.3. | Реконструкција на игралиштето кај стара гимназија (монтажни трибини кај стара гимназија, широко појасен интернет, смарт клупи, специјални светилки за заштита од инсекти и оградување на терените) | | 1.000.000,00 | |
| V.4. | Изработка на проект за Реконструкција и уредување на спортски терени кај стара гимназија | | | 400.000,00 |
| V.5. | Реконструкција и уредување на спортски терени кај стара гимназија | | | 3.600.000,00 |
| Вкупно V | | | **1.550.000,00** | **4.000.000,00** |
| ВКУПНО: I + II + III + IV + V | | | **3.540.000,00** | **4.000.000,00** |

Општина Берово во рамките на своите активности за унапредување на спортската инфраструктура и создавање подобри услови за рекреација и спорт на граѓаните, има потреба од изградба на **Градски базен** на територијата на општината.

Основната цел на проектот е да се обезбеди современ, безбеден и функционален базен кој ќе ја зголеми спортската и рекреативната активност на граѓаните, особено на децата и младите и ќе придонесе кон развој на водени спортови во општината.

Со цел, учество на граѓанскиот сектор во креирање на Буџетот на Општина Берово и унапредување и развој на општината според мерка на граѓаните, како и успешна реализација на Програмите за 2026 година, Општина Берово реализира Форуми во заедницата.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Берово, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за млади и спорт, спонзорства и донации.

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Берово спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Доделување на награди и признанија
- Обезбедување на стручна , техничка и други видови помош

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Вака конципирана Програма за активностите на Општина Берово во областа на спорт и спортско рекреативни активности овозможува да се задржат активностите што во изминативе неколку години се поддржани од Буџетот на општината.

Во областа на спортот во Програмата се предвидуваат оние спортски манифестации што го оправдаа своето одржување во претходните години.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Берово.

Број 09-4376/1
05.12.2025 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Се објавува **ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА**

**БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА** Бр.09-4377/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/32 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ. БР.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 39/25) година, Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на ден 05.12.2025 година ја донесе следната:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**

**НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

***1. ВОВЕД***

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Берово, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за еднакви можности, на мажите и жените–во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма, во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на половата рамноправност, намалување на нееднаквите можности и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кое, рамноправноста ќе биде пракса.

Нерамноправностите меѓу жените и мажите, се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата, наметнати поради бројни стереотипи, присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

За да бидат прецизни термините во оваа програма, терминот жена се однесува исклучиво на лице родено со женски биолошки пол, без разлика како се самоидентификува, а терминот маж се однесува на лице родено со машки биолошки пол, без разлика како се самоидентификува.

***2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА***

Основните цели на активностите на општина Берово, во областа на половата рамноправност, предвидени со оваа програма се:

- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на локалното управување
- Унапредување на половата рамноправност-на локално ниво
- Прибирање на полово-разделени податоци и формирање на база на податоци
- Економско зајакнување на жените и поддршка на женското претприемништво
- Подобрување на застапеноста на жените во процесите на одлучување.
- Подобрување на услугите за социјална заштита и поддршка на ранливи категории жени и мажи
- Полесна пристапност за пешаци (особено за деца) до основното, средното училиште и детската градинка, особено во услови на снег
- Промовирање на ненасилна, инклузивна и родово чувствителна локална заедница.

***3. РЕАЛИЗАЦИЈА***

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Берово за 2026 година се пред сѐ, координаторката за еднакви можности, Заменик координаторката за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Берово.

Обврска и одговорност на админстрацијата, е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера и да инкорпорираат родова перспектива во локалните политики кои се спроведуваат. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од полов аспект сите одлуки, програми, извештаи, идеи и политики на Општината.

***4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА***

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Период на реализација | Индикатори | Извори на средства | |
| | | | ЕЛС | Други извори |
| Прибирање на полово - разделени податоци | јануари-декември 2026 | -Изготвен 1 документ со полово -разделени податоци со:<br>- Број на жени/мажи | / | / |
| | | вработени по позиции во училишта;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во општина;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријатие;<br>- број на жени/мажи управители во фирми; | | |
| Поддршка на КЕМ во изработка на нацрт-деловник и правилник за работа | јануари-февруари 2026 | Изработен 1 нацрт-деловник и правилник за работа | / | / |
| Поттикнување на женското претприемништво старт-ап, подобрување на пристапот на руралните жени до пазарот на труд и промоција на локални производи создадени од жени претприемачки | јануари-декември 2026, по објавен јавен повик за финансирање и поттикнување на женско претприемништво | - Поттикнување на економска независност и еднаквите можности помеѓу жените и мажите;<br>·Зголемување на бројот на активни жени претприемачки во урбани и рурални средини;<br>·Поддршка при вработување и преквалификација на рурални жени;<br>·Развивање и брендирање на локални производи создадени од жени.<br>·Зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување | 300.000.00 | |
| Изградба на лифт во ОСУ „Ацо Русковски" во Берово | Јануари-декември 2026 | -изградба на функционален лифт согласно технички стандарди<br>- 100 % пристап до сите катови во училиштето за учениц, наставници и посетители со ограничена мобилност<br>-подобрени услови за учење за сите ученици и наставниот кадар | 480.000,00 | 120.000,00 ОСУ„Ацо Русковски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -зголемена инклузивност во образовниот процес Подобрена оценка за пристапност во училиштата | | |
| Приоретизирање на чистењето на тротарите на улиците „Даме Груев" , „Маршал Тито" и ул.„ Задарска", по кои се движат најчесто ученици и родители до основните, средното и детска градинка. | јануари – март и декември 2026 | -намалување на бројот на физички повреди на деца и родители за 20% -олеснет и брз пристап до јавните установи за децата, родителите и наставниот кадар | / | / |
| Проект Just Femme за размена на добри практики за родово базирани активности, родова анализа на ефектите од политиките на пазарот на трудот, мапирање на бизнис вработување и можности за претприемништво на жените, регионални состаноци со учесниците и меѓурегионални настани | Јануари-декември 2026 | Промоција на територијални политики што ја поттикнуваат еднаквата вклученост на жените во вработување, претприемништво и обуки, со фокус на новите зелени и дигитални вредносни синџири. | | ВКУПНО 3.673.395,00 Програма Интеррег Европа кофинансирано од Европска Унија и национално кофинансирање **од кои:** -1.143.900,00 за плати за членови на проектен тим -171.585,00 за канцалариски и административни трошоци -189.727,00 трошоци за патување и сместување -1.856.985,00 надворешни експерти и услуги -311.198,00 надворешни експерти и услуги (патување и сместување ) |
| | | | | |
| **ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ ОД ОПШТИНАТА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ** | | | | |
| Здруженија на граѓани | План на активности | -обуки и едукативни активности насочени кон подигање на свеста со цел унапредување на родовата еднаквост, поттикнување на активна вклученост на граѓаните и создавање на инклузивна и правична заедница -Поддршка за самохрани мајки и жени жртви на семејно насилство (еднократна финансиска поддршка, друга потребна поддршка) -Кампања за превенција од малигни заболувања кај жените - Едукативни настани за здрави животни навики кај жени и мажи | 50.000,00 | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | 830.000,00 | 3.793.395,00 |
| **ВКУПНО** | | | **4.623.395,00** | |

5. ***ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ***

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Берово се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;

-организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Берово, во соработка со институциите на локално ниво.

***6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Градоначалникот на Општина Берово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Општина Берово, преку вработените службеници, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијатива и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Берово.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Берово".

Број 09-4377/1
05.12.2025 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Се објавува **ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА**

**БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА** Бр.09-4378/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-4396/33 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 05.12.2025 година | Градоначалник |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

**********************

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 16 став 1 точка 3, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл. гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 5.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата за локален економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Берово.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален развој. Визијата на општна Берово е *посакувано место за жителите, инвеститорите и туристите, со развиена и разновидна туристичка понуда, со погодни услови за социоекономски и културен развој, препознатливо културно и гастрономско искуство засновано врз локални земјоделски производи и развиена урбана и рурална инфраструктура со чиста и здрава животна средина.*

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски раст, кој придонесува кон подобрување на квалитетот на живот за сите граѓани во заедницата.

Со стратешкото планирање кое е дел од програмата за локален економски развој на Општина Берово, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува врз основа на **Интегрираниот Локален Развоен План на Општина Берово 2024–2027** година беше усвоен на 54-та седница на Советот на Општина Берово, одржана на 18.12.2024 година, со Одлука бр. 09-4178/1, „**Стратегија за локален економски развој на Општина Берово за периодот 2024 – 2027 ", и „Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029"**, како и посочените приоритети на граѓаните во процесот на подготовка на програмата, а се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална



самоуправа, Статутот на Општина Берово, други позитивни законски одредби како и препораките на Европската Унија за подобрување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоени развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности.

Воедно, подготовката на програмата е во согласност со насоките на ЕУ и на Владата за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на стратегиските документи за развој на Општина Берово, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите одделенија во единицата на локална самоуправа Општина Берово, при што одделението за локален економски развој, за буџетската 2026 година ја предвидува програмата **Г1, Локален економски развој на Општина Берово**.



**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Буџетот на Општина Берово | 2,712,000.00 |
| 2. | Приходи по други основи - донации | 5,683,400.00 |
| | **Вкупно** | **8,395,400.00 ден** |




**2. Програма за локалниот економски развој на Општина Берово за 2026 година**

Општина Берово преку Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените и дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2026 година во следните области:

**2.1 Операционализација на Стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата**

**2.1.1.** Организирање на **Форуми во заедницата** во согласност со Статутот на ЕЛС Општина Берово

Предвиден буџет 50.000,00 ден

**2.1.2.** Спроведување на активности од **Интегрираниот План за Локален Рразвој на Општина Берово за 2024-2027 година**.

Интегрираниот Локален Развоен План (ИЛРП) за периодот 2024–2027 година, кој се реализира во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти".

Согласно проектниот модел, за секое ПЕТ шише или лименка што граѓаните ќе ја депонираат во машините се обезбедува награда во износ од 1,5 денари, од кои:

- 0,5 денари ги обезбедува Пакомак,
- 1 денари ги обезбедува Општина Берово.

Наградниот систем се реализира преку софтвер развиен од Пакомак, а средствата од општината се наменети за порамнување со маркетите каде е инсталирана опремата. Исплата во готовина кон граѓаните не е предвидена.

За периодот што опфаќа три квартали од 2026 година, со пресликана динамика и во четвртиот квартал во 2027 година, предвидено е да се соберат околу 600.000 парчиња ПЕТ амбалажа и лименки преку вендинг системот.

Планираните активности во 2026 година ќе продолжат со иста динамика, со цел зајакнување на системот за селектирано собирање отпад и зголемување на учеството на граѓаните во рециклажните процеси.

Предвиден буџет 600.000,00 ден.

**2.3.3. Хакатон за млади** – „Бизнис идеи за локален развој на Општина Берово преку искористување на потенцијалите на Малешевијата"

**Опис на активноста:**
Хакатонот претставува иновативен настан наменет за млади лица од Општина Берово (ученици, студенти и млади претприемачи), кои во тимови ќе развиваат иновативни бизнис идеи и решенија насочени кон искористување на локалните природни, културни и туристички потенцијали на Општина Берово и Малешевијата.

Настанот ќе се организира како повеќедневна работилница (Хакатон) во Берово, каде учесниците ќе добијат менторска поддршка од претставници на бизнис-заедницата, локалната самоуправа и стручни експерти од областа на претприемништвото, туризмот, ИТ и одржлив развој.

На крајот на хакатонот, најдобрите тимови ќе ги презентираат своите идеи пред комисија составена од претставници на Општината, Локалниот економски совет, образовни институции и бизнис секторот. За најдобрите решенија ќе бидат доделени награди и можност за натамошна поддршка во развој на бизнис идејата.

**Цели на активноста:**

- Поттикнување на младинскиот претприемачки дух и иновативност;
- Вклучување на младите во процесите на локален економски развој;
- Промоција на локалните ресурси и потенцијали на Малешевијата како основа за нови деловни иницијативи;
- Вмрежување на младите со локалните бизниси, институции и организации.

**Очекувани резултати:**

- Развиени најмалку **5 иновативни бизнис идеи** со потенцијал за локална примена;
- Зголемен интерес кај младите за претприемништво и социјални иновации;



определени програми. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за проектите. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

**2.4.1 Interreg VI - B IPA Adriatic Ionian – IPA ADRION - Програма за соработка 2021-2027 –предлози за приоритетни оски за апликација: IPA-ADRION510 – LANDS**

Во заедничките напори за справување со предизвиците е усвојувањето и проширувањето на системите за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ) за превенција од катастрофи, а во таа насока беше поднесен проектот **Land and Soil Sensors System (LANDS) - СИСТЕМ СО СЕНЗОРИ ЗА ЗЕМЈА И ПОЧВА** во рамки на Interreg VI - B IPA Adriatic Ionian – IPA ADRION - Програма за соработка 2021-2027 за иновативни решенија и меѓународна соработка. Оваа амбициозна иницијатива има за цел да ги поттикне малите и средни претпријатија (МСП) ефикасно да ги искористат наодите од истражувањето и да ги пренесат во опипливи производи и услуги. Проектот LANDS има за цел да го засили влијанието на најсовремените технологии во ИКТ системи и превенција од катастрофи. Централно место во мисијата е развојот и унапредувањето на истражувањето и способноста за иновации, заедно со поттикнување и прифаќање на напредни технологии со голем фокус на паметна специјализација, индустриска транзиција и претприемништво. Проектот има за цел да негува средина за појава на социјални претпријатија (WISEs), мали и средни претпријатија и стартапи. Клучниот пробив во овој потфат произлегува од пионерската работа на Универзитетот во Болоња, кој пронајде безжична сензорска мрежа (WSN) прилагодена за следење и управување со свлечишта и терени подложни на суша.

Основата на оваа мрежа лежи во извршувањето на пет пилот акции кои ги опфаќаат Албанија, Црна Гора, Италија, Србија и Македонија. Овие пилот иницијативи подразбираат распоредување на врвна технологија низ различни јавни и приватни предели, придружени со сеопфатни технички решенија.

Општата цел на проектот е: Развивање и подобрување на капацитетите за истражување и иновации и прифаќање напредни технологии преку развивање на вештини за паметна специјализација, индустриска транзиција и претприемништво. Конкретно, преку проектот ќе се поддржи создавањето и развојот на WISE (социјални претпријатија со вклученост во работата), МСП (мали и средни претпријатија) и STARTUP, базирани на употреба на нови технологии за соочување со свлечишта и сушни почви, трансфери на вештини кои опфаќаат технички, комерцијални и менаџерски области. Општина Берово во проектот е вклучена со 96.423,20 евра од кои 15 % се национално кофинансирање, од ИНТЕРЕГ фондот се 81.959,72 евра. Во проекто се вклучени 11 партнери од различни институции и организации и тоа: 1. Јавна установа РЕРА С.Д. за координација и развој на Сплитско-далматинската жупанија Хрватска (HR), 2. Општина Ајдовшчина Словенија (СИ), 3. Европски институт за локален развој, Грција (ЕЛ), 4. Алма Матер Студиорум - Универзитет во Болоња Италија (ИТ), 5. Национален конзорциум на мрежни идеи Италија (ИТ), 6. ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА И ПРАВО Црна Гора (МЕ), 7. Научно-технолошки парк Чачак Србија (РС), 8. Европска агенција за развој - експозитура во Скопје С. Македонија (МК), 9. Град Дервента Босна и Херцеговина (БА), 10. УНИЈА НА МЛАДИ АЛБАНСКИ ПРЕТПРИЕМАЧИ Албанија (AL) и 11. Општина Берово С. Македонија (МК). Проектот ќе се реализира во перод од 30 месеци со вкупна вредност од 1,492,796.56 евра, а во текот на 2026 година Општина Берово ќе реализира средства во висина од 38.900 евра



- Поттикнато партнерство меѓу општината, образовните институции и приватниот сектор;
- Промовирана Општина Берово како општина што ги поддржува младите и иновативниот развој.

Согласно со Законот за локална самоуправа (чл. 22 и 23), Законот за буџети и Законот за здруженија и фондации, средствата за реализација на активноста 2.3.3. Хакатон за млади – „Бизнис идеи за локален развој на Општина Берово преку искористување на потенцијалите на Малешевијата" реализацијата на активностие ќе биде во соработка со Junior Achievement Macedonia (JA Macedonia), како организација со докажано искуство во областа на младинско претприемништво, иновации и неформално образование.

Општина Берово има склучено договор за соработка и финансирање со JA Macedonia, и со реализацијата на Хакатонот за малди ќе се уредат обврските на двете страни, начинот на реализација, извештајноста и роковите за спроведување на активностите.

Носител на активноста:

Општина Берово – Одделение за локален економски развој

Реализатор:

Junior Achievement Macedonia (JA Macedonia) – во партнерство со Локалниот економски совет и образовните институции во Берово.

JA Macedonia е национална организација која промовира младинско претприемништво, иновативност и деловно образование. Со нејзино вклучување во реализацијата на хакатонот, Општина Берово ќе обезбеди професионална поддршка, едукативни методологии и мрежа на експерти кои ќе помогнат младите да развијат практични и одржливи бизнис идеи.

Финансиска рамка:
Вкупен буџет: 250.000 денари
(во кои се вклучени трошоци за организација на настанот, промоција, награди, логистика и хонорари за ментори).

Предвиден буџет 250.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 2.3: 1.150.000,00 ден**

**2.4. Средства за учество во имплеметација на проекти**

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат преку проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори. Според пропишаните правила при апликацирање за одредени проекти, во зависност од донаторот се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се исполнат и се основен предуслов за аплицирање на проекти за



или 2,395,400,00 денари.

Предвиден буџет 2.395.400,00 ден.

**2.4.2 Програма за работно ангажирање на невработени лица - Јавни работи**

Општина Берово ќе учествува во Програмата за ангажирање невработени лица со ниски квалификации, согласно мерките од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување. Целта на програмата е поттикнување на вклучување на невработени лица на локалниот пазар на труд, преку извршување работи од јавен интерес, како што се уредување и одржување на јавни површини, паркови и чистење на животната средина на подрачјето на Општина Берово. Програмата истовремено обезбедува подобрување на локалниот амбиент и поддршка на лица кои се соочуваат со потешкотии при вработување.

Вкупен број на лица кои се планира да се вклучат во програмата: 15 невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување.
Период на ангажман: до 30 дена, во траење од 4 часа дневно.
Работните задачи опфаќаат одржување и уредување на јавни зелени површини, чистење и расчистување на јавни површини и микро-депонии, други активности согласно потребите на Општина Берово и дефинирани од надлежните служби.

Финансиски средства и учество:
Предвидени средства за ангажираните лица изнесуваат 24.000 денари месечно по лице, вклучувајќи персонални даноци и осигуравуање, согласно актуелните услови утврдени од Агенцијата за вработување.
Општина Берово обезбедува сопствено учество од најмалку 20% од дневниот надоместок, односно 20% од вкупните средства потребни за ангажман односно 72.000,00 денари.
Останатите средства се обезбедуваат преку националната програма за работно ангажирање на невработени лица од страна на Агенцијата за вработување.

Постапка за селекција и пријавување

- Општина Берово ќе објави јавен повик за заинтересираните невработени лица.
- Селекцијата на кандидатите ќе се врши во соработка со Центарот за вработување, врз основа на утврдени критериуми и приоритети.
- Заинтересираните лица ќе поднесат пријава на пропишан образец во утврдениот рок.
- Ангажираните лица склучуваат договор за работен ангажман и остваруваат паричен надоместок за времето на ангажирање.

Програмата се базира на начела на транспарентност, инклузивност и еднакви можности. При селекцијата ќе се даде предност на ранливи категории лица, и тоа:

- Лица со ниско образование (основно и пониско)
- корисници на социјална помош,
- долгорочно невработени лица,
- млади лица до 29 години,

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.2.4 Активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски социјален совет | - зголемена општествена одговорност кај локалните | 50.000 | / | 50.000 | |
| | Вкупно 2.2. | | | 50.000 | / | 50.000 | |
| 2.3 | Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки | 2.3.1. Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка | Број на учесници, вроj на штандови | 150.000 | / | 150.000 | |
| | | 2.3.2. Вендинг машини за собирање на амбалажа во соработка со Пакомак и Швајцарската амбасада, за собирање на амбалажа (пластични шишиња и лименки). | Број ан рециклирани ПЕТ шишиња и лименки, број на нови корисници | 600.000 | 300.000 | 900.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| | | 2.3.3. Хакатон за млади – „Бизнис идеи за локален развој на Општина Берово преку искористување на потенцијалите на Малешевијата" | Број на учесници, борј на идеи, награди | 250.000 | / | 250.000 | |
| | Вкупно 2.3 | | | 1.500.000,00 | 300.000,00 | 1.800.000,00 | |
| 2.4 | Средства за учество во имплементација на проекти | 2.4.1 Interreg VI - B IPA Adriatic Ionian – IPA ADRION, проектот Land and Soil Sensors System (LANDS) - СИСТЕМ СО СЕНЗОРИ ЗА ЗЕМЈА И ПОЧВА | број на настани и комференции, број на анализи и спроведени локални активности, број на учесници на настани | / | 2,395,400 | 2,395,400 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| | | 2.4.2 Програма за работно ангажирање на невработени лица-Јавни работи | Број на пријавени лица, број на ангажирани лица, број на уредени локации | 72.000 | 288.000 | 360.000 | |
| | Вкупно 2.4. | | | 72.000,00 | 2,683,400,00 | 2,755,400,00 | |
| 2.5. | Оперативни расходи и договорни услуги | 2.5.1. Одржување и контрола на Системот за управување со квалитет по новиот стандард ISO 9001:2015 спроведување на Политиката за квалитет, која е дел од целокупната работна политика на институцијата и е заснована на примена и одржување на работен систем и на принципот за унапредување со квалитетот. Целта е потполно задоволување на барањата и одржување на стандардот ISO 9001:2015, со континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот и зголемување на ефективноста и ефикасноста на комплетното работење на ЕЛС Општина Берово. | Спроведен интерен надзор, релизиран контрола и подолжен сертификат ИСО 9001 | 120.000 | / | 120.000 | Еднакви можности за одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| | Вкупно 2.5 | | | 120.000,00 | / | 120.000,00 | |
| 2.6. | Подготовка на проекти | 2.6.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции | Број на настани, број на учесници број на сертификати | / | / | / | Број на учесници во процесите разделени по пол и еднакво учество на двата пола |
| | | 2.6.2. Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти | Број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори | / | / | / | |
| | | 2.6.3. Превод на проектна документација и стручна литература | | 50.000 | / | 50.000 | Број на добиени проекти и потпишани договори кои овозможуваат еднаква корист за двата пола |
| | | 2.6.4. Консултантски услуги за специфични проектни активностии подготовка на проектна документација | | 100.000 | / | 100.000 | |
| | Вкупно 2.6 | | | 150.000,00 | / | 150.000,00 | |
| | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2025 | | | 2.712.000,00 | 5.683.400,00 | 8,395,400.00 | |

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово"

Бр.09-4378/1
5.12.2025 год.
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ПРОГРАМА**

**за ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Се објавува **ПРОГРАМА за ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА** Бр.09-4379/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/34 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

ППРЕДЛОГ
Р

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ((„Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 16 став 1 точка 3, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл. гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 5.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за**
**ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**ЗА 2026 ГОДИНА**

**Г2 Поттикнување на развојот во туризмот**

**Вовед**

Туризмот претставува сложена, динамична, општествена и економска појава во современиот свет. Туристичкото стопанство кое ги создава туристичките услуги е сложен систем составен од голем број на единки и субјекти како што се: туристички организации и агенции, угостителски објекти, сместувачки капацитети, претпријатија, трговија, комунални услуги, занаетчиство, поединци кои даваат туристички услуги, производители на храна, земјоделци, јавни државни и локални институции и др. Сите тие субјекти, припаѓаат на различни стопански гранки, со што се создава една специфична сложена целина која е од огромно значење за општиот економски и социјален развој на Берово како туристичка дестинација. Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски раст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата. Со стратешкото планирање и развојот на туризмот во Општина Берово, локалната заедница врши конкретен чекор кон спроведување на ефектите од децентрализацијата како процес и јакнењето на демократските односи, а посебно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

Посакуваниот резултат во следните години е Општина Берово да создаде поголем број на туристички дестинации кои ќе бидат препознатливи по природното и културно наследство на регионот,



ППРЕДЛОГ
Р

традиционалната храна како и по луѓето кои живеат на тој простор. Овие дестинации треба да бидат комплетно приспособени за туристите кои ќе ги посетуваат како и по современи стандарди.

Активностите во програмта се темелат врз предвидените развојни цели и програми преку Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029. (https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/12/Strategija-za-razvoj-na-turizam-vo-Opshtina-Berovo-2019.pdf)

Стратегијата е усвоена со Одлука за донесување на Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 година, Бр.09-2447/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.07.2019 година година во соработка со локалните чинители и со помош на експерти од областа на туризмот. Предлозите и насоките за развој се одвиваа во неколку сесии на кои граѓаните, институциите, бизнис заедницата и граѓанските организации дава предлози за развој на туризмот во општината.

Со програмата за поттикнување на развојот на туризмот, вклучени се активностите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој, при што одделението за Локален Економски Развој, за буџетската 2026 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој**-Буџетот на Општина Берово | 500.000,00 |
| 2. | **Приходи по други основи - донации** | 300.000,00 |
| | **Вкупно** | **800.000,00** |

**Стратешки проиритети**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешките документи на општината и усвоените приоритети во кои пред се спаѓа Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година. Развојот на туризмот е еден од столбовите за одржлив развој на општината. Берово е една од туристичките дестинации која е препознаена во земјава и пошироко во регионот. Програмата ги дефинира оснвните параметри и во истата по изработка на Стратегијата ќе се релизираат приоритетните активности кои во текот на 2026 ќе бидат вклучени и тоа:

- Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и

ППРЕДЛОГ
Р

Во текот на 2026 година, Општина Берово ќе продолжи со активноста за учество на Саемот „Храната во општините", кој традиционално се организира во Општина Аеродром – Скопје. Преку ова учество ќе се овозможи континуирана промоција на локалните производи, поттикнување на малите производители и занаетчии, како и јакнење на туристичкиот имиџ на Општина Берово како дестинација препознатлива по квалитетна храна, традиционални производи и рурален туризам.

**Цели на активноста за 2026 година**

- Унапредување на гастрономската и занаетчиската понуда како дел од туристичкиот производ.
- Промоција на локалните производители и создавање нови можности за пласман.
- Презентација на општината како интегриран туристички бренд.
- Поттикнување економска соработка со други општини и партнери на национално ниво.

**Планирани активности и подготовка**

Во 2026 година, Општина Берово ќе:

- објави јавен повик за пријавување на локални производители, занаетчии и претставници на традиционални занаети;
- изготви и достави список на учесници до организаторот;
- обезбеди логистичка и административна поддршка за учесниците (пријавување, транспорт, координација на штандови);
- организира заеднички изложбен простор со единствен визуелен идентитет на општината;
- координира активности за промоција, вмрежување и спојување со потенцијални партнери, дистрибутери и купувачи;
- обезбеди соработка со надлежни министерства и институции за покривање на дел од трошоците, согласно расположливите програми за поддршка на локалните производители.

**Очекувани резултати**

Со реализацијата на активноста, Општина Берово очекува:

- зголемена видливост на локалните производи на национално ниво;
- проширување на деловните контакти на производителите;
- јакнење на локалниот туристички бренд преку промоција на традиционалната храна и занаети;

Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛОГ

**3. Рекапитулар**

**ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА**

| Бр | Активност | Опис | Средства од буџет | Средства од донации | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 1.1 Управување со туризмот (евиденција, регистрација, категоризација, и стандардизација) | | | |
| | | 1.2 Туристички информативен пункт | | | |
| | | 1.3 Организација за управување со дестинации (DMO) | | 300.000 | 300.000 |
| | | 1.4 „Збогатување на туристичката понуда во Источниот плански регион | | | |
| | ВКУПНО 1. | | / | / | 300.000,00 |
| 2. | ПРОМОЦИЈА НА БЕРОВО И МАЛЕШЕВИЈАТА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | 2.1 Промоција на туристичката понуда | 250.000 | | 250.000 |
| | | 2.2 Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи | 250.000 | | 250.000 |
| | ВКУПНО 2. | | 500.000 | | 500.000,00 |
| | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2026 | | 800.000,00 | / | 800.000,00 |

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово".

Број. 09-4379/1
5.12.2025 год.
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски

страна 10

ПРЕДЛОГ Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

ППРЕДЛОГ
Р

- поддршка на одржлив рурален развој и економско зајакнување на локалните заедници.

**Индикатори за успех**

- број на учесници од Општина Берово;
- број на остварени деловни контакти и договори за соработка;
- промотивни материјали изработени и дистрибуирани;
- видливост на настанот и присутност во медиуми и на социјални мрежи.

**Финансиски аспекти**

Општината ќе планира средства за подготовка и организација на учеството, а дел од трошоците за транспорт и логистика ќе бидат обезбедени преку соодветни мерки и програми од националните институции, доколку истите бидат достапни во 2026 година.

2.2.3 Ослободување од плаќање на комунална такса за користење на плоштадот во Берово (локација - уредена јавна површина – мини плоштад кај Домот на културата во Берово), за период од месец април 2026 заклучно со месец декември 2026 година, а за поставување на урбана опрема-тезги на јавна површина за продажба на отворено. Оваа мерка е со цел поддршка на локалните жители за збогатување на туристичката понуда, развој на руралниот туризам и стимулирање на локалната економија преку промоција на традиционалните производи, поддршка на локалното производство и нивна поголема достапност до посетителите и туристите во општината.

Предвиден буџет

**Вкупно планиран буџет за 2: 500.000,00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 800.000,00 ден.**

Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**ПРОГРАМА**

**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година**

Се објавува **ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година** Бр.09-4380/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-4396/35 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 05.12.2025 година | Градоначалник |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

**********************

РПРЕД

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 3, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл. гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 5.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА**
**ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година**

**1. Вовед**

Енергетиката, вклучувајќи ги сите нејзини сегменти, има големо влијание врз правилниот и континуиран развојот на државите и поради тоа е приоритет на сите позначајни економии. Спроведувањето на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, намалување на искористувањето на фосилните горива како и зголемување на употребата на обновливите извори на енергија, се само дел од активностите кои се превземаат со цел да се зголеми: стабилноста на снабдување со енергија, континуитетот, рационалната употреба на домашните енергетски ресурси, конкурентноста, како и да се намалат: зависноста од увоз на електрична енергија, негативните влијанија врз животната средина предизвикана од Климатските промени.

Изработката на Програм за енергетска ефикасност на општините е законска обврска која произлегува од Законот за енергетика. Советот на општината, на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика, донесува програма за енергетска ефикасност што се однесува за период од три години. Спроведувањето на Програмата е со цел за подобрување на енергетската ефикасност во објектите под општинска управа, како и во јавното осветление. Исто така дополнителна цел е зголемување на свеста за рационално користење на енергијата меѓу населението во општината, а во исто време и заштеда на парични средства преку примена на мерките на енергетска ефикасност за да истите бидат употребени за понатамошно усовршување и подобрување на состојбите во објектите од јавен интерес.

Европската унија во 2008 година ја воспостави иницијативата „Повелба на градоначалници“ со цел поддршка на локалните самоуправи во развојот на одржливи енергетски политики. Во 2015 година таа се обедини со „Градоначалниците прилагодуваат“, создавајќи ја рамката „Повелба на градоначалници за клима и енергија“, насочена кон декарбонизирани, климатски отпорни и енергетски достапни градови до 2030 година.

На национално ниво, Регулативата 2018/1999 ја воспоставува правната основа за интегрирано управување со енергијата и климата, обврзувајќи ги земјите членки да подготват Национални планови за енергија и клима и со тоа да ги усогласат локалните и националните политики.

Општина Берово ја препозна важноста на ваквиот пристап и со пристапувањето кон „Повелбата на градоначалници“ се обврза да подготви Акциски план за одржлива енергија и клима, кој ги дефинира приоритетните мерки до 2030 година и го поставува патот кон нискојаглероден развој до 2050 година.

За остварување на поставените цели се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор, владините институции за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и вработувањето,



РПРЕД

невладини организации, донаторските програми и инвеститори.

Општината ги поседува објектите на основните училишта, административните општински објекти, и јавното претпријатие, а обезбедува и услуги за населението, како на пример одржување на јавното осветление. Со намалување на потрошувачката на енергија, а со тоа и трошоците за енергија, се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на жителите во општината. Со намалување на трошоците за енергија на училиштата, сите жители кои живеат во неа ќе имаат директни придобивки од направените заштеди.

Акцискиот план за енергија и клима го следи Водичот „Како да се подготви Акциски план за одржлива енергија и клима“ подготвен од Повелбата на градоначалници а со техничка поддршка од Заедничкиот истражувачки центар (JRC). Водичот дава јасни препораки за поглавјата кои би требало да бидат опфатени со Акцискиот план. Согласно овој водич и добрите практики од останатите градови, Акцискиот план за одржлива енергија и клима на Општина Берово во поглавјето 1 ја опишува Стратешката рамка во која најнапред ја претставува Визијата на општината во однос на енергија и клима.

*__Објекти опфатени со базата на податоци во Општина Берово__*

Под управа на Општина Берово има 26 објекти: 3 административни објекти, 1 средно училиште, 9 основни училишта, 4 градинки, 1 дом за згрижување на стари лица, 2 културни објекти, 1 дом на пртоивпожарната бригада, 1 спортски објект и 1 јавно претпријатие со 4 објекти.

Во следната табела се дадени објектите кој се во надлежност на општината:

| **ОПИС** | **Специфична потрошувачка** | **Број на корисници** | **Грејна површина** | **Степен на дотраеност** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **kWh/m²** | | / | **m²** | / | |
| **Административни објекти** | | | | | |
| Општинска зграда | 122 | 100 | 1060 | 6 | |
| Мала зграда - проектна | 162 | 35 | 189 | 7 | |
| **Основни училишта** | | | | | |
| ОСУ „Ацо Русковски“ | 117 | 413 | 3685 | 4 | |
| ОУ „Н П - Русински“ | 169 | 108 | 1077 | 6 | |
| ООУ „Д И Малешевски“ Берово | 263 | 597 | 3800 | 2 | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Митрашинци | 97 | 42 | 806 | 7 | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Смојмирово | 138 | 11 | 300 | 6 | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Владимирово | 203 | 7 | 370 | 8 | |



РПРЕД

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Будинарци | 112 | 36 | 762 | 6 | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Двориште | 140 | 88 | 632 | 7 | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Ратево | 97 | 14 | 371 | 8 | |
| **Социјална грижа** | | | | | |
| ОЈУДГ „23 Август“ Берово | 192 | 237 | 1280 | 4 | |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Митрашинци | 214 | 9 | 80 | 7 | |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Русиново | 84 | 30 | 1028 | 2 | |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Будинарци | 183 | 7 | 62 | 8 | |
| ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки | 316 | 58 | 357 | 0 | |
| **Култура** | | | | | |
| Музеј на град Берово | 137 | 1 | 200 | 7 | |
| Дом на кул. „Д. Беровски“ | 99 | 5 | 305 | 8 | |
| **Општински услуги** | | | | | |
| ЈПКР „Услуга“- админ. | 167 | 15 | 150 | 8 | |
| ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица | 564 | 4 | 140 | 7 | |
| ЈПКР „Услуга“ – П. станица | | / | | / | |
| ЈПКР „Услуга“ С. двор | 144 | 30 | 120 | 9 | |
| Противпожарен Дом | 433 | 15 | 60 | 9 | |
| Пречис. станица-админ с. Мачево | 128 | 5 | 100 | 1 | |
| Пречис. станица-ОЗ | | / | / | | |
| Бизнис Инкубатор | 154 | 8 | 835 | 4 | |
| **Спортски објекти** | | | | | |
| Спортска сала „Македонски бранители“ | 81 | 700 | 1610 | 4 | |

Општина Берово, со поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), како и финансиската помош од Европската комисија и Федералното министерство на Германија за економска соработка и развој, пристапи кон изработка на Акцискиот план за одржлива енергија и клима (SECAP). Основната цел на планот е создавање напредна рамка што ќе овозможи нискојаглероден развој и постепено приближување кон долгорочната визија за

климатска неутралност. Планот предвидува до 2030 година Општина Берово да постигне заштеди од 7.9 GWh енергија во однос на 2019 година, производство на 11 GWh енергија од обновливи извори и намалување на емисиите за 159.9 kt $CO_2$-eq. Акцискиот план го опфаќа периодот 2025–2030 и содржи континуирани активности кои треба да се спроведуваат во текот на целиот период.

Акцискиот план беше усвоен на 54-та седница на Советот на Општина Берово, одржана на 18.12.2024 година (бр. 09-4177/1). Врз основа на заложбите, целите и мерките утврдени во SECAP, Општина Берово ја подготви Програмата за енергетска ефикасност за 2026 година, како инструмент за негово практично спроведување и за постојан напредок кон одржлив енергетски развој.

https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/Draft-SECAP-for-Municipality-of-Berovo-V3-fin.pdf

Целта на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово е да се намалат буџетските трошоци за енергија. Подеднакво важен е и еколошкиот аспект односно намалувањето на емисијата на штетни гасови во атмосферата.

Водена од Визијата 2050, Општина Берово во соработка со релевантните чинители ја утврди својата краткорочна визија заснована на резултатите од моделирањето за намалување на емисиите, намалување на енергетската сиромаштија и прилагодување кон климатските промени. До 2030 година се предвидува емисиите на стакленички гасови да бидат намалени за 40.2% во однос на 2019 година, поставувајќи основа за забрзано остварување на целта „Климатски неутрална општина".

Краткорочната мисија ги опфаќа планираните мерки за ублажување и прилагодување на климатските промени, како и активности за намалување на енергетската сиромаштија. Мисијата на Општина Берово е да го мобилизира населението, да го зајакне знаењето и активно да ги вклучи сите чинители во спроведување на локалната агенда за нискојаглероден развој. Во периодот 2025–2030 фокусот е ставен на енергетската ефикасност, напредни транспортни политики и одржливо управување со природните ресурси.

Оваа визија претставува основа за понатамошно креирање политики и акции во областа на енергијата и климата и е усогласена со сите релевантни локални и национални стратешки документи.

**Цели за ублажување на климатските промени**

Главната цел на Акцискиот план за одржлива енергија и клима на општина Берово во делот за ублажување на климатските промени е да се намалат емисиите на стакленички гасови регистрирани во базичниот инвентар за најмалку 40.2% до 2030 година, во споредба со 2019 година. Периодот кој се протега од 2030 до 2050 година претставува императивна епоха, каде стратешкото спроведување на одржливи практики ќе биде клучно за голем чекор напред кон достигнување на нискојаглероден развој што претставува и долгорочна цел за општината.





Акциите за ублажување на климатските промени воедно изразуваат 4 од вкупно 17 глобални цели за одржлив развој (SDG – Sustainable Development Goals), усвоени од сите членки на Обединетите нации во 2015 година.

**Табела 1: Придонес на акциите за ублажување кон глобалните цели за одржлив развој**

- Обезбедување на достапна, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите
- Градови и населби што се инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи
- Преземање итни мерки за борба против климатските промени и нивните влијанија
- Заштита, обновување и поттикнување на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето и запирање на деградацијата на почвата и загубата на биолошката разновидност

Цели за прилагодување на климатските промени

Акцискиот план за одржлива енергија и клима на Општина Берово во однос на прилагодувањето на климатските промени се фокусира на две примарни цели:

a) Подобрување на климатската отпорност на туристичката инфраструктура и
b) Интегриран урбан и рурален развој за одржливост.

Општина Берово се стреми кон почиста, побезбедна и поодржлива урбана средина, усогласена со Целите за одржлив развој и Парискиот договор. Со тоа ја демонстрира својата посветеност кон одржлив развој, климатска акција и создавање издржлива заедница за сегашните и идните генерации.

**Цел 1: Климатски отпорна туристичка инфраструктура**

Берово ја зајакнува отпорноста на туризмот преку системи за рано предупредување за екстремни временски услови и подобрено управување со шумите. Овие мерки обезбедуваат заштита на туристите, инфраструктурата и шумските екосистеми, создавајќи одржлива и атрактивна туристичка дестинација.

**Цел 2: Интегриран урбан и рурален развој**

Општината ги интегрира климатските мерки во урбаното планирање и развива стратегии за одржлив туризам. Ова ја зголемува отпорноста на инфраструктурата, го поттикнува економскиот развој во руралните средини и промовира еколошки туристички практики.





Овие цели се во согласност со пет од глобалните Цели за одржлив развој и претставуваат важен дел од адаптацијата кон климатските промени.

**Табела 2: Придонес на акциите за прилагодување кон глобалните цели за одржлив развој**

- Обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите на сите возрасти
- Обезбедување достапност и одржливо управување со водата и санитарни услови за сите
- Градови и населби што се инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи
- Преземање итни мерки за борба против климатските промени и нивните влијанија
- Заштита, обновување и поттикнување на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустошувањето и запирање на деградацијата на почвата и загубата на биолошката разновидност

Стратегијата за одржлива енергија и клима (SECAP) на Општина Берово во делот за намалување на енергетската сиромаштија се фокусира на две клучни цели: подобрување на економската состојба и пристапноста до енергија, и подобрување на мобилноста и пристапот до услуги. Целта е да се зајакнат економските можности на граѓаните, да се обезбеди полесен пристап до енергетски и јавни услуги и да се промовира социјална вклученост.

**Цел 1: Пристапна енергија и подобрена економска состојба**

Општината презема мерки за намалување на енергетската сиромаштија преку поддршка на ранливите домаќинства, како субвенции за чистење на оџаци, што ја подобрува енергетската ефикасност и ги намалува трошоците за греење.

**Цел 2: Подобрена мобилност и пристап до услуги**

Со субвенции за зелени превозни средства и промовирање на активен транспорт, се подобрува пристапот до училиштата, здравствените и работните услуги, особено за ранливите групи. Овие мерки придонесуваат за пониски транспортни трошоци и поголема социјална вклученост.

**Табела 3: Придонес на акциите за намалување на сиромаштијата кон глобалните цели за одржлив развој**





- Крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде
- Обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите на сите возрасти
- Обезбедување пристап до достапна, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите
- Промовирање на одржлив, инклузивен економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите
- Намалување на нееднаквоста во државите и меѓу државите

**Проценка на опции за прилагодување**

Проценката на опциите за прилагодување кон климатските промени во Општина Берово беше изработена преку јавни консултации со широк спектар локални чинители. Целта беше да се идентификуваат приоритетните локални предизвици, да се провери применливоста на предложените мерки и инклузивно да се дефинираат нови решенија за прилагодување и ублажување.

Консултативниот процес опфати повеќе настани и вклучување на пошироката јавност. Мерките беа подготвени врз основа на проценката на ризици и ранливости во секторите: вода, земјоделство, шумарство, здравство и економија. За секој сектор експертите предложија мерки според нивото на ризик, ранливост и изложеност.

Предложените мерки беа споделени со релевантните општински служби (комунални дејности, животна средина, урбанизам, локален развој, правни работи), како и со граѓански организации, со цел да се обезбеди усогласеност и реална применливост при нивната имплементација.

**Табела 4: Приоритетни мерки за прилагодување на климатските промени**

| Мерка | Заложба |
|---|---|
| Локални компостери за отпад | Фокус на Ублажување, со влијание на Прилагодување |
| Надградба на план за одржливо управување со шуми | Фокус на Прилагодување, со влијание на Ублажување |
| Изработка и спроведување на стратегија за одржлив туризам | Фокус на Прилагодување |
| Тековно реконструирање на брана Ратевска и зголемување на водните капацитети за справување со климатски промени | Фокус на Прилагодување |
| **Одржување, реконструкција и изградба на речни корита и канали за одводнување** | Фокус на Прилагодување |
| Вклучување на климатските промени во урбаното планирање | Фокус на Прилагодување, со влијание на Ублажување |

РПРЕД




*страна 21*

Предлог програма за енергетска ефикасност за 2026 година - Општина Берово,

РПРЕД

**3. Рекапитулар**

**ПРОГРАМА за ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година**

| Бр | Активност | Опис | Средства од буџет | Средства од донации | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Акција за ублажување | МА3 - Ефикасно греење и ладење со топлински пумпи во домаќинствата –субвенционирање на инвертер клими за ранливи категории согласно усвоен правилник и објавен јавен повик за граѓаните | 600.000 | / | 600.000 |
| | | МА6 -Зголемена употреба на обновливи извори на енергија во домаќинствата и општински објекти со инсталирање на фотонапонски панели *Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во рамките на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2" Фондот за техничка документација Сонце за почиста Брегалница -* | 277,956 | 661,800 | 939.756,00 |
| | | МА7 - Имплементација на програма за годишно чистење на оџаци (субвенција) во соработка со ЈПКР Услуга Берово за домаќинства и колективно домување (згради) | 500.000 | / | 500.000,00 |
| | | **ВКУПНО 1.** | **1.377.956** | **661.800** | **2.039.756,00** |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2026** | **1.377.956** | / | **2.039.756,00** |

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово".

Број 09-4380/1 Берово Совет на општина

5.12.2025 год. Претседател

*страна 22*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К

за објавување на

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ЗА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

Се објавува **ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ЗА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА** Бр.09-4381/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.

Бр.08-4396/36 ОПШТИНА БЕРОВО

05.12.2025 година Градоначалник

Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**ЗА 2026 ГОД. НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО**



*ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА*

ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации - површини за поставување на **Урбана опрема - објекти од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Локалитет „Градски Плоштад“,** во **Берово,** издава:

**ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год, и Измена на ДУП,** усвоен со **Одл.бр. 07-2076/1 од 14.10.2010 год,** објавени во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА,** на ул. **„Маршал Тито“** и **„23-ти Август“**, Градски плоштад во Берово, **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. 7 Мерка: **1: 1000**

*Графички изработил: Догазански Мишо, дги*

:: Страница 9 од 21 ::

Се објавува **П Р О Г Р А М А ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2026 ГОД. НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО** Бр.09-4382/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 05.12.2025 година.



*ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА*

ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации - површини за поставување на **Урбана опрема - објекти од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Локалитети „Автобуска станица“** и **„Градски пазар“,** во **Берово,** издава:

**ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год,** објавен во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА ,** на ул. **„23-ти Август“**, **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. 7 Мерка: **1: 1000**

*Графички изработил: Догазански Мишо, дги*

ОПШТИНА БЕРОВО

:: Страница 10 од 21 ::

Бр.08-4396/37 ОПШТИНА БЕРОВО
05.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов" бр.10, 2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации - површини за поставување на **Урбана опрема - објекти од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Локалитет „Кеј Брегалница", во Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **Измена на ДУП на Берово,** усфоен со **Одлука бр. 07-2511/1 од 15.11.2011** год, и **Измена на ДУП на Берово,** усфоен со **Одлука бр. 08-268/1 од 29.01.2014** год, објавени во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА** на ул.**„Зоран Бубевски"** и **„Димитрие Туцовиќ"**, **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје.

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **7** Мерка: **1: 1000**



*Графички изработил:*
***Догазански Мишо, дги***

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-008/2014



ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА
УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов" бр.10, 2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации - површини за поставување на **Урбана опрема - објекти од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Локалитет „Ограждеи", во Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год,** објавен во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА,** на ул. **„Димитар Двојаковски"**, ВОН **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **5** Мерка: **1: 1000**



*Графички изработил:*
***Догазански Мишо, дги***

ОПШТИНА БЕРОВО

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-008/2014



ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА
УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов" бр.10, 2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

**ОПШТИНА БЕРОВО**

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации - површини за поставување на **Урбана опрема - објекти од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Локалитет „Стара Гимназија", во Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

